





# Македонски глас

Година XVIII 2011.
МАЈ – ЈУНИ
SVIBANJ – LIPANJ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ 71



# KOD PREHLADE I GRIPE

# CAFFETIN COLD

**Djeluje bez pogovora, brzo i efikasno!**




- SADRŽAVA VITAMIN C
- SMANJUJE BOL
- SNIŽAVA POVIŠENU TJELESNU TEMPERATURU
- SMANJUJE ZAČEPLJENOST NOSA
- SPREČAVA NADRAŽAJNI KAŠALJ

**caffetin COLD®**

ALKALOID

Za obavijesti o indikacijama, mjerama opreza i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Збор на уредничката**

**Riječ urednice**



**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Тренеска Цветичанин
Борјана Прошев-Оливер

**Редакција:**
Елизабета Петровска - Загреб
Јулијана Младеновска Тешија - Осиек
Ива Чрњар - Риека
Мирјана Мајиќ - Задар
Милена Георгиевска - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj,
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Фах: (01) 48 72 655
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

На насловната страница:
Манифестации на Македонските културни друштва од Сплит, Риека и Осиек

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.**

## ВО ЧЕСТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

Овој број на вашето списание "Македонски глас" посветено е на браќата Миладиновци и двата јубилеи на нашите друштва.

Миладиновци, во 1861 година, пред 150 години во Ѓаково го објавија својот ЗБОРНИК на македонски и бугарски јазик. Мецена беше Јосип Јурај Штросмаер, епископ босански и ѓаковачки, кој го "прочита" нивниот талент и го финансираше проектот со образложение дека "народното образование е најголемото рачателство на благоданствието на народот".

Годишнината на овој голем настан за македонскиот народ и литература во Република Хрватска го прослави осиечкото друштво "Браќа Миладиновци" под покровителство на Заедницата на Македонците во РХ.

Македонците во РХ го одбележаа и празникот на светите браќа Кирил и Методиј. Беа одбележани и јубилеите на Македонските културни друштва "Илинден" во Риека и "Македонија" во Сплит, кои ги прославија своите 20 години од постоењето со богати уметнички програми и за Македонците и за Хрватите што живеат на овие простори.

А во нашата прва татковина Република Македонија, се одржаа предвремените парламентарни избори. Според очекувањата победи ВМРО-ДПМНЕ.

Македонците во Р. Хрватска на 10 јули годинава ги очекуваат избори за претставници во Советите на националните малцинства. Доколку се чувствувате како Македонци во својата втора татковина Хрватска, излезете на овие избори за да го дадете својот глас за нашите кандидати, кои, се надеваме ќе се грижат за нашите права и иднина на овие простори.

Поради сево ова топло препорачувам да ги прочитате сите страници на овој 71 по ред "Македонски глас".

Марина Апостоловска – Вујаклија

# ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО РХ

**Почитувани сонародници, Македонки и Македонци**

Како што веќе пишував во "Македонски глас" бр. 69, оваа 2011 е исклучително важна година за националните малцинста во Република Хрватска, вклучувајќи не и нас Македонците, припадници на македонското национално малцинство.

Пописот на населението во РХ веќе го одработивме, се надевам успешно. Сè уште немаме податоци за тоа дали бројот на Македонците е зголемен или пак, намален. Сепак, ни останува верба дека бројот на нас, припадниците на македонското национално малцинство, не е во опаѓање.

Драги мои Македонки и Македонци, дозволете ми повторно оваа година да Ви одземам малку од вашето драгоцено време. Се работи за следново. Како што веројатно веќе ви е познато, Владата на Република Хрватска ги распиша изборите за членови на Советите на националните малцинства и нивните претставници на локално и регионално ниво. Советите на националните малцинства и претставниците се бираат по Уставниот закон за правата на националните малцинства во РХ со цел да се унапреди положбата на националните малцинства во РХ, односно конкретно речено за нас Македонците, да се подобри положбата на македонското национално малцинство во РХ.

За да успееме во оваа цел, основани се и македонските културни друштва во Риека, Сплит, Пула, Осиек, Задар и Загреб, сплотени во Заедницата на Македонците во РХ. Сите Друштва во своите средини предлагаат кандидати за членови на нашите Совети и претставници.

За жал, во некои средини, како на пример во Загреб и Пула, во минатиот период не беше воспоставена никаква соработка помеѓу членовите на Советите кои беа предложени и избрани од Македонците – членови на македонските културни друштва, туку се создаде состојба во која членовите на овие Совети се однесуваа како некои недопирливи луѓе кои освен личната корист не ги интересираше ништо друго.

Како пример ќе го насочам прашањето упатено до претседателството на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и неговиот претседател Анастас Саша Оџаклиески, а гласи: "Што е направено за македонското национално малцинство во Град Загреб во последниот мандат од четири години, за чиј период од Град Загреб се добиени средства во висина од 2.734.861,00 кн., и на што се потрошени тие средства?"

Да си поставиме прашање пред самите себе си и пред својата совест, дали ни требаат воопшто такви Совети и претставници кои би не претставувале на тој начин. Моето размислување води кон ПОВИК до сите Македонки и Македонци во сите градови и жупании каде што имаме право на избор на свои Совети и претставници да ја земеме иднината во своите раце и својот глас да го дадеме на оние луѓе на кои им веруваме и кои веќе се имаат докажано со својата работа за македонската "кауза" и македонското национално битие. Верувам дека нема да дозволите да победат кандидатите на некакви таканаречени "македонски организации" како што се: "Матица на Македонците", "Македонска удруга жена", "Македонски културни центар" и слични асоцијации направени со единствена цел да овозможат приватна промоција и кандидатура на неколкумина наши "Македонци" и кои ги нема никаде освен од избори до избори. Уште едно јавно прашање за претседателите на овие асоцијации: **кога и што** имаат направено за македонското национално малцинство во РХ. Верувам дека и самите тие нема де се сетат за одговорот на оваа прашање кој е многу едноставен: **никогаш и ништо**.

**Токму така, и затоа уште еднаш ве повикувам сите Вас да излеземе во што поголем број на овие избори кои се одржуваат на 10 јули годинава и да го дадеме својот глас по сопствената совест.**

Претседател на Заедницата на
Македонците во РХ,
Ангел Митревски, дипл.инж.

# МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА ГЛАСАА ВО ЗАГРЕБ

## *ДИК: ВМРО-ДПМНЕ освои 56 пратеници, СДСМ 42, ДУИ 15, ДПА 8 (ДПЛ) и НДП 2*




На почетокот на јуни годинава се одржаа седмите парламентарни избори на Република Македонија на кои се избираа 123 пратеници. Македонците во дијаспората гласаа на 4 јуни, а изборите во Македонија се одржаа на 5 јуни 2011 година.

Македонците во Хрватска гласаа во просториите на Амбасадата на РМ во РХ во Загреб. На избирачкиот список се пријавија 49 Македонци, а гласаа 38, што пропорционално значи дека за Предвремените избори на РМ гласаа 77% избирачи. Кога ова ќе се спореди со гласачите од другите земји на дијаспората е сосема задоволувачко (на пример: во Р. Србија, каде живеат и се пријавени 4.000 Македонци, гласале само 32).

ДИК во Загреб испрати екипа од 7 членови, која ја предводеше претседателката на избирачкото место број 5006, Лидија Ѓорчевска. Таа беше видно задоволна од одѕивот на гласачите. Единствено што се сложивме со неа беше тоа што Македонците од цела Хрватска можат да гласаат само во престолнината, затоа што во другите градови нема дипломатски претставништва и многу од нив не можеа (поради материјални, односно патни трошоци) да гласаат за новиот Парламент на Р. Македонија.

На прашањето што како Македонец во дијаспората очекува од овие избори, Томе Апостолоски ни изјави: "За првпат гласам за парламентарните избори за Р. Македонија. Пријатно сум изненаден сум од организацијата на Изборите во нашата Амбасада. Очекувам дека на овие Избори нема да има победници и губитници. Воедно, драго ми е што новите македонски закони овозможија и ние во дијаспората да гласаме. Желба ми е да победи странката која нема да го загрози идентитетот со преговорите во регијата каде припаѓа Р. Македонија."

Изборите во Загреб минаа во одлична и конструктивна атмосфера, за што Амбасадата на РМ во РХ доби посебно признание од Државната изборна комисија на Македонија.

Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ги освои и трите пратенички места во дијаспората. Одѕивот на гласањето во трите изборни единици во дијаспората е 56,-67 отсто или на гласање излегле 4.088 македонски државјани со право на глас кои живеат во странство. За време на гласањето на дијаспората, што се одржа на 4 јуни, Нова демократија освоила 34 гласови, ПОДЕМ – 14, СДУ – 242, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 2.686, ВМРО-НП – 50, ДУИ – 432, ДПА – 59, Достоинство – 74, Коалицијата предводена од СДСМ – 308, Европската партија – 27, ПДП – 1 и Обединети за Македонија – 36.

На 5 јуни 2011 предвремените парламентарни избори се одржаа во Македонија. Притоа, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 53 пратеници, а исто така ги освои и трите пратенички места од дијаспората. СДСМ доби 42 мандати, ДУИ 15, ДПА 8 и НДП 2. Нова Демократија освои 19.958 гласови, ПОДЕМ – 4.395, СДУ – 2.270, ДУА – 4.517, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 438.135, ВМРО-Народна партија – 28.217, ДУИ – 115.095, ДПА – 66.315, Достоинство – 8.846, Коалицијата предводена од СДСМ – 368.487, НДУ – 469, ЛДП – 16.551, СДПМ – 1.807, Демократска десница – 1.517, Европска партија – 130, ПДП – 277, НДП – 29.966 и Обединети за Македонија – 17.080.

Одѕивот на гласањето во шесте изборни единици во Македонија изнесуваше 63,48 отсто, а на гласање излегле 1.156.085 граѓани. Важечки ливчиња беа 1.094.999, неважечки 31.983, а бројот на неважечки ливчиња на гласањето изнесува 665.449.

"Гласањето беше спроведено во мирна атмосфера, со голем одѕив на граѓаните што придонесе за подобрување на работата на избирачките одбори при спроведувањето на процедурата на гласањето", е прелиминарната оценка на граѓанската асоцијација МОСТ, која ги следеше изборите со 3.700 набљудувачи, покривајќи околу 70 отсто од вкупниот број гласачки места во сите шест изборни единици.

- Победник на овие избори е ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија" со 53 или повеќе пратеници. Изборниот ден помина во фер и демократска атмосфера, нагласи лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски на прес-конференцијата, прогласувајќи ја победата на седмите парламентарни избори во Р. Македонија. Владата, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ќе продолжи да се грижи и да работи за сите граѓани на Република Македонија независно од политичката, верската и етничката припадност. "За сите ќе се бориме да им помогнеме. Сите ние два милиони македонски граѓани во оваа држава имаме иста судбина, сите имаме сон Македонија да биде успешна и просперитетна држава, да стане членка на НАТО и ЕУ. Земја за која ќе се зборува по добро, а не по лошо, а младите ќе гледаат своја иднина и перспектива во земјата", порача Груевски и се заблагодари на мнозинството граѓани кои ја дадоа поддршката за коалицијата "За подобра Македонија", но и на сите политички партии.

Лидерот на опозициската СДСМ Бранко Црвенковски упати честитки до претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и до сите граѓани кои излегоа на предвремените парламентарни избори, а особено до тие што ја дадоа довербата на СДСМ за постигнатиот изборен резултат, па истакна: "И покрај сите случувања во изминатиот период, народот е секогаш во право дури и кога греши."

Според Уставот на Република Македонија, пратениците во Собранието се избираат за време од четири години. Мандатот на пратениците го верифицира Собранието, а почнува да тече од конститутивната седница на новиот парламентарен состав, најдоцна до 25 јуни, а Владата треба да се конституира до 10 август годинава.

Марина Апостоловска – Вујаклија

**Катерина Димовска, економист и дипломат**

# ВАЖНО Е ДА ЗНАЕМЕ ШТО САКАМЕ ВО ЖИВОТОТ

***Една од основните улоги на Канцеларијата за странски инвестиции одговорна за соработката со Република Хрватска и Словенија е да се оствари промовирање на Македонија, пред сè од економски аспект, за "Македонски глас" изјавува К. Димовска***



**М. Г.: Од неодамна сте во Загреб како раководител на Канцеларијата за странски инвестиции со Хрватска и Словенија. За почеток објаснете ни кои се функциите на оваа Канцеларија.**

К. Димовска: На оваа функција како раководител на Канцеларијата за странски инвестиции за Хрватска и Словенија доаѓам како економски промотор од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. Сите вакви канцеларии при дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија во различни држави во светот се водени од страна на економските промотори кои ја претставуваат нашата држава надвор од нејзините граници. Една од основните улоги на Канцеларијата е да се оствари промовирање на Македонија, пред сè од економски аспект со цел привлекување на инвестиции, зајакнување на меѓусебната трговска соработка и промоција на извозот на македонските производи. Ова е можност сите заинтересирани компании од Хрватска и Словенија да се обратат на едно место со цел добивање информации и други податоци за Република Македонија, како и за македонскиот пазарен потенцијал со цел алокација на сопствените ресурси и капацитети, но истовремено е и поддршка за сите македонски компании заинтересирани за промоција и пласман на сопствените производи и услуги на пазарите во овие две држави. За овој краток тримесечен период на престој, но интензивна работа остварив контакти со преку 300 компании, институции, комори и здруженија од регионот и реализирав околу 100 презентации пред компании од различни индустриски сектори. Некои од нив веќе работат во Македонија пократко или подолго време, а некои покажаа сериозен интерес за македонскиот пазар, согласно привлечните услови за производство, квалитетни суровини и производи кои постојат во Македонија. Добивме понуди за колективно претставување на Македонија на загрепскиот Велесаем, саемот Вироекспо на кој оваа година Македонија беше и партнер држава, Цељскиот саем, новиот Рекспо саем за инвестиции и комерцијални недвижности, но и други помали промотивни манифестации што всушност претставува и прилика за што поквалитетно претставување на македонските производи и можност за поврзување и отворање на нови соработки со фирмите од Хрватска и од Словенија, но и од други држави кои ќе се претстават на овие саеми.

**М. Г.: Вработени сте во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Р. Македонија. Кои се целите на Агенцијата?**

К. Димовска: Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот е основана со цел да се грижи за обезбедување и зголемување на приливот на странски директни инвестиции во Македонија. Нејзина основна цел е да привлече и заинтересира нови странски инвеститори за инвестирање во Р. Македонија, преку промоција на предностите и пакетите на бенефиции и стимулации кои им се нудат на странските инвеститори. А на потенцијалните инвеститори кои ќе одлучат да започнат со анализи или веќе се одлучиле да влезат во процесот на инвестирање, да им даде целокупна поддршка за надминување на можни институционални и процедурални пречки, како и да им помага со потребните информации и контакти, за тој процес да се одвива брзо, лесно и ефикасно. Во тие рамки една од задачите на Агенцијата е промоција на Р. Македонија како поволна инвестициска дестинација, преку промоција на потенцијалите и реформите во поглед на поволна бизнис клима и предностите што ги нуди нашата држава. Така минатата година беа претставени потенцијалите на Р. Македонија во програмските емисии на познатата телевизиска куќа Си-Ен-Ен, Македонија нуди многу подобности и можности за потенцијалните инвеститори пред сè како резултат на големите и значајни реформи кои во изминативе неколку години беа превземени во нашата држава. Република Македонија во 2010 година беше рангирана како трет реформатор во светот, а три години по ред 2008, 2009 и 2010 беше прв и најголем реформатор во Југоисточна Европа (според извештајот на Светската банка). Македонија е привлечна дестинација за инвестирање и заради значително намалени бирократски процедури, ниски даноци, социјални и други давачки. Компанија може да се регистрира за само 4 часа, постои електронски катастар, електронско плаќање на даноци (Македонија е на 5-то место во светот, според магазинот Форбс, по леснотијата на плаќање на даноци), олеснителни царински формалности посебно при извоз од Македонија, квалификувана и конкурентна работна сила, континуирана борба против корупцијата и многу други. Атрактивноста на Македонија за инвеститорите од Хрватска и Словенија најдобро ја одразуваат следните податоци: ако во Македонија данокот на додадена вредност (ДДВ) е 5% за специфични производи и генерално

18%, во Хрватска овој данок е 23%, а во Словенија 8,5 и 20%. Данокот на добивка во Македонија е 0% ако не се подига добивката или се реинвестира, а ако се распределува е 10%, а истиот данок во Хрватска и Словенија е 20%, додека персоналниот данок кој во Македонија е 10%, во Хрватска е прогресивен од 15 до 45% како и во Словенија и изнесува 16-27-41%. Вкупните социјални давачки во Македонија се 27%, а во Хрватска се 37,2, а во Словенија 38,2%. Најголеми бенефиции се нудат за инвеститорите кои ќе инвестираат во Технолошко индустриските развојни зони (ТИРЗ) каде даноците и царинските давачки за суровините и опремата која учествува во процесот на производство се нула, бесплатни се приклучоците на комуналната инфраструктура, се нуди можност за закуп на земјиштето до 99 години по само 10 евро центи по м2, а дополнителна поддршка за инвеститорот претставува и неповратната финансиската помош што ја нуди државата во зависност од висината на инвестицијата и бројот на вработени лица. Нова, дополнителна, задача која ќе започне да ја извршува наскоро Агенцијата е промоција на извозот. Во најскоро време се очекува и донесувањето на Стратегијата за промоција на извозот на Р. Македонија во чие изработка активно учество земаа сите релевантни институции, комори и кластери, со свои препораки и предлози, со цел успешен извоз на производите и услугите што ги нудат македонските компании.

**М. Г.: Иако Хрватска и Словенија се блиzu кажете ни како ги усогласувате Вашите задачи.**

К. Димовска: Со самата апликација за економски промотор за Република Хрватска и Словенија бев свесна за предизвикот кој стои пред мене. Со огромно задоволство го прифатив, поаѓајќи од фактот што менталитетот, а особено бизнис климата во овие две држави ми беа добро познати од досегашното работно искуство. Еден чекор понапред претставуваа за мене и претходно воспоставените релации и контакти со фирмите и институциите од овој регион. Со оглед на тоа дека во моментот своите работни обврски и задачи ги вршам во Канцеларијата за меѓународна соработка во Република Хрватска, природно е поголем акцент и внимание да му е посветено на хрватскиот пазар, но сепак со добра организација на работните активности и поддршката која ја добивам од нашата амбасада во Словенија во моите тековни ангажмани не заостанува ни словенечкиот пазар, ниту пак контактите со заинтересираните словенечки компании.

**М. Г.: Вашата канцеларија се наоѓа во просториите на Македонската амбасада во Загреб. Како Ве прифатија македонските дипломати и дали имате некоја соработка со нив?**

К. Димовска: Работата на економскиот промотор е составен дел од секојдневната работа на дипломатско конзуларните претставништва на Р. Македонија. Иако доаѓам од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот сепак, како раководител на Канцеларијата за странски инвестиции, сум дел од Македонската амбасада во Загреб. Само со заедничка соработка успешно можеме да ја промовираме нашата држава и да ги постигнеме очекуваните резултати. Амбасадата е всушност и ликот на една држава. Верувам дека со моите активности и ангажмани ќе придонесам во продолжувањето на успешното и квалитетно претставување на Р. Македонија во Хрватска, што веќе го започнале и секојдневно го работат моите колеги во амбасадата предводени од нашиот амбасадор Н.Е. Данчо Марковски. Во оваа прилика би сакала и јавно да им се заблагодарам на колегите од Македонската амбасада во Загреб за нивната срдечност и топол прием при моето доаѓање, како и за нивната секојдневната соработка, комуникација и координација на заедничките активности, а пред сѐ на безрезервната поддршка која ја добивам.

**М. Г.: Далеку од дома. Сама и преоптоварена со обврски. Имате ли слободно време и со што го исполнувате?**

К. Димовска: Секој почеток е исполнет со многу нови предизвици. Нивното совладување, за мене, претставува ново задоволство и нов успех. Сметам дека пресудно за иднината е како ќе се постават работите уште на самиот почеток па затоа во овие три месеци на престој во престолнината на Р. Хрватска повеќе мојата енергија ја насочувам на работните обврски и секојдневните деловни контакти. Но, секако има и слободни моменти кои ги користам за прошетки и запознавање на Загреб кој е прекрасен град, како и за запознавање на нови пријатели и дружење. Во слободното време сакам да прочитам и по некоја добра книга, бидејќи секоја прочитана книга или пак стручна литература за мене претставува ново богатство. Отсекогаш сум била љубител на спортот па во наредниот период, како дел од секојдневните "обврски", ќе одвојам и време за рекреативни спортски активности.

**М. Г.: "Чудни се патиштата Господови!" Како и каде се гледате по истекот на овој Ваш мандат?**

К. Димовска: Економските промотори истовремено се и дипломати, но не со класичен дипломатски мандат. Нашиот мандат пред сѐ зависи од постигнатиот успех и исполнување на поставените цели. Можам да кажам дека секогаш во животот сум се стремела да постигнам резултати многу повисоки и од поставените. Верувам и сакам да успеам и сега во тоа. Нормално дека многу работи не зависат само од нас, а со тоа и постигнувањата, но моја задача е да дадам сѐ од себе и со мојот ангажман да придонесам за подобра и поуспешна Македонија. Каде ќе бидам по истекот на мандатот, оставам времето да покаже. Сметам дека многу поважно е да знаеме што сакаме во животот. Имам свои амбиции, размислувања, но и желби во животот како и секој друг, па најсреќна ќе бидам кога ќе успеам во нивното остварување. Кога ќе го трасираме патот по кој сакаме да одиме, тогаш сме го трасирале и нашиот (до)животен "мандат".

Марина Апостоловска – Вујаклија

## РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МПЦО ВО РИЕКА

**Риека:** Редовното годишно собрание на Македонската православна црковна општина во Риека "Свети цар Константин и царица Елена", се одржа на 28 мај годинава во просториите на МКД "Илинден". Собранието почна со молитва којашто ја предводеше парохискиот свештеник на МПЦ во Р. Хрватска, протојереј Кирко Велински, кој по молитвата го прочита поздравното писмо од надлежниот Архиереј, Неговото Високо Преосвештенство Митрополитот Европски Пимент. Пред почетокот на работниот дел на присутните во име на Риечката надбискупија со топла беседа им се обрати високиот гостин Монсињор Никола Уравиќ, ректор на Богословното семениште "Иван Павле Втори" во Риека.

Извештај за работата на МПЦО во 2010 година поднесе Илија Христодулов, а за работата на Надзорниот одбор, Илија Младенов. Извјештај на Судот на честа поднесе Велимир Лозановски, а планот и програмата за работа на МПЦО за 2011. ги предложи и образложи Илија Христодулов, кои беа едногласно прифатени. По работниот дел на Собранието следуваше заедничко дружење со присутните.

По повод денот на Македонската православна црковна општина во Риека "Св. цар Константин и царица Елена" во неделата, на 29 мај во црквата "Св. Фабијан и Себастијан" во Риека, се одржа Света литургија, предводена од парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински.

Потоа, во просториите на МКД "Илинден" следуваше кршење на славскиот колач. На трпезата на љубовта која ја приредија кумовите Мими Механџиска и д-р Златко Делов беа пристуни голем број риечки Македонци. На свеченоста присуствуваше и потпретседателката на МПЦО "Св. Злата Мегленска" од Загреб, Јулијана Кениг. Кумовите имале среќна и бериќетна година, како што раскажува и легендата, а тие од своја страна таква успешна година им посакаа на сите присутни и на новите кумови семејството Христодулов – Видак.

И. Чрњар

## ЗЛАТНА ПЛАКЕТА ЗА МКД "ИЛИНДЕН"



**Риека:** Македонското културно друштво "Илинден" за својот дваесетти роденден го доби големото и значајно признание "Златна плакета" на Град Риека. Во Хрватскиот народен театар "Иван пл. Зајц" во вторникот, на 14 јуни годинава, беа свечено доделени годишните награди на Риека. МКД "Илинден" ја доби златната плакета "Грб Града Ријеке" за својата дваесетогодишна дејност. Признанието е доделено за успешната и долгогодишна презентација на македонската култура и традиција во Риека и за соработката меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Во името на МКД "Илинден" наградата ја прими претседателката Ивона Дуноски Митев. Потоа, беше одржана свечена програма, а гостите ги поздравија претседателката на Градскиот Совет, Доротеа Решиќ-Буковац, градоначалникот на Риека, Војко Оберснел и надбискупот Иван Девчиќ. Покрај МКД "Илинден" наградени беа и: Домот за ученици на Сушак, Владимир Гашпаровиќ Гашо, Планинарското друштво "Камењак", д-р Жељко Миљаниќ и Техничкиот факултет во Риека.

Искрени честитки на МКД "Илинден" и му посакуваме уште многу признанија и награди.

И. Чрњар

## ПОСЕТА НА ЛУДБРЕГ – "ЦЕНТАРОТ НА СВЕТОТ"



**Лудбрег:** На покана од КУД "Јурај Лончариќ" од Хрженица и Катерина Ковачиќ, на 6 мај годинава делегацијата во состав од потпретседателот Никола Гроздановски и секретарот Елизабета Петровска од Заедницата на Македонците во РХ и секретарот Виолета Штерјова и членот Виолета Вурнек од МКД "Охридски бисер" од Загреб, присуствуваа на свеченото отворање на 15. меѓународна изложба и саем на цвеќето "ФЛОРА ЦЕНТРУМ МУНДИ 2011" во Лудбрег, во близината на Вараждин, што ја организираа Здружението на цвеќарите на лудбрешкиот регион и Туристичката заедница на Град Лудбрег, а под покровителство на Министерството за полјоделство, рибарство и рурален развој на РХ, Вараждинската жупанија и Град Лудбрег.

Манифестацијата започна со приемот кај началникот на општината Свети Ѓурѓ, проф. Маријан Лазар, каде низ разговор за взаемна соработка, гостите и домаќините изменија скромни дарови. Потоа сите заедно ги прошетаа знаменитостите на Лудбрег и ја разгледаа изложбата цвеќе, па се упатија на плоштадот на "центарот на светот", каде со пригодна културно-забавна програма, заменикот на жупанот на Вараждинската жупанија, м-р Бланка Главица-Јечменица и градоначалникот на Лудбрег, Маријан Кробот, и службено ја отворија изложбата.

На манифестацијата настапија оперниот пејач Жељко Заплатиќ, дувачкиот оркестар на Лудбрег, и специјалните гости, КУД "Бојмија" од Гевгелија со сплет на песни и ора од гевгелиско и Македонија, за кои публиката ги награди со долг аплауз. За ансамблот "Бојмија" важно е да се спомене дека е основан 2005 година со грант од УНДП, од програмата за културен развој на локалните средини и негување на народното творештво. Младите гевгелиски играорци досега настапиле на многу меѓународни фестивали, на кои ја презентираат македонската култура и богатите народни носии специјално подготвени во рамките на основачкиот проект.

По службената програма, сите заедно продолжија да се дружат до касните вечерни часови.

Е. Петровска

## Меѓународен ден на културни разноликости




**Задар:** Традиционално шеста година по ред, на 7 мај годинава, се одржа заедничката манифестација на седум национални малцинства од Задарската жупанија, во чиј состав е и МКД „Билјана". Задар секоја година сè поубаво го слави „Меѓународниот ден на културните разноликости", а оваа година е одлучено датумот да се помести три недели порано поради високите температури, од причина што настанот се одржува преку целиот ден на отворено. Бои на народни носии, звуци на разни инструменти и музика, мириси, вкусни јадења подготвени од вредните членови на малцинствата, беа главното одбележје на оваа манифестација. Се разбира, главното мото на ова дружење е да се покаже дека заедно сите народи можат да се почитуваат и живеат без разлика на верска и национална припадност. Оваа Координација се состанува секој месец веќе шест години и одлично соработува со градот и жупанијата.

На оваа заедничка приредба МКД "Билјана" се претстави со традиционална народна музика. Настапија младите членови на музичко-инструменталниот состав "Билјана", Инес Танчева со песната "Зајди, зајди јасно сонце"

во придружба на кларинистот и водител на оваа секција, Иван Андријевиќ, кои предизвикаа големо воодушевување кај публиката. За време на паузата се отворија и штандовите со вкусните јадења. Со гордост, не се знае по кој пат, мора да се констатира дека нашата кујна и јадења предизвикаа најголем интерес и веднаш беа поделени меѓу присутните. Секоја година, покрај далеку познатото македонско гравче-тавче, кое мами со својот мирис и вкус, членките на Друштвото се обидоа да ја зголемат количината и да понудат нови специјалитети од нашата родна земја.

Во вториот дел од приредбата настапија гостите од МКД “Македонија” со песни и ора. Нивните прекрасни носии, звукот на македонската песна и лесниот играорски чекор, измамија голем аплауз. Мора да се нагласи дека МКД “Македонија” дојде да ни помогне во моментите кога навистина ни е потребно да ја прикажеме македонската музика и фолклор во најубаво светло. МКД “Билјана” неизмерно им е благодарна за тоа. Дружењето беше убаво и помина како за миг. Драго ни е што успеавме да оставиме убав впечаток на присутните како и на претставниците од градот и жупанијата.

М. Мајиќ

## ПРОЕКЦИЈА НА ФИЛМОТ “ДОМА”




**Загреб:** Македонско-хрватското здружение “Спектрум” на 31 мај годинава во библиотеката А. Цесарец во Загреб, повторно ги повика вљубениците на културата, овојпат на проекција на документарниот филм “Дома”. Гостите ги пречека претседателката на здружението, Славица Коретиќ, а гостин на вечерта беше глумецот Реџеп Асани.

Документарниот филм “Дома/At Home” снимен е помеѓу 20 септември и 5 ноември 2006 година, во продукција на “Спектрум” и партнерство со Центарот за нови иницијативи во културата “Локомотива” од Скопје. Филмот е сниман на локации во Скопје, Штип, Загреб, и Задар, а го обработува животот на неколку припадници на македонското национално малцинство во Хрватска и хрватското национално малцинство во Македонија, гледано со нагласен индивидуален пристап. Анализирајќи го животот на повеќето млади поединци кои на повеќе или помалку успешен и снаодлив начин се вклопиле во социјално, религиозно и културно различна средина, филмот ги третира прашањата на идентитетот, поврзаноста со средината од која потекнуваат, протокот на информациите, мобилноста на младите и односот на системот кон поединецот. Режисер на филмот е Ѓорче Ставрески, асистент на режисерот, Иван Рамљак, директор на фотографијата во Македонија, Димитар Попов, а во Хрватска, Јосип Иванчиќ, монтажер на филмот е Доријан Миловановиќ, тонски сниматели се Игор Поповски и Дамир Шимуновиќ, а за ликовната опрема е задолжен Звонимир Коретиќ.

Е. Петровска

## Одбрана на човечкото во човекот

**Сплит:** Мултимедијалниот проект “Нулта точка или море на светлината” на уметникот Влахо Брањголица беше прикажан и пред сплитската јавност. Делата на Брањголица беа поставени на изложба во Сплит, каде имаа можност да ги видат и членовите на МКД “Македонија”. Во поставката беа прикажани новопримеменетите техники и методи во реализација на примарната идеа на авторот, кои всушност се сублимат на неговите повеќегодишни истражувања и непосредни искуства од областа на фотографијата. Тој впуштајќи се во магичното истражување прави потполно нов медиум токму со компилација на фотографија и графика.

Претставениот циклус пред сплитската јавност особено е посветен на морето на светлината, како што всушнопст и е насловен целиот проект. Со својот опус Брањголица остава впечаток на филозоф и мислител кој аналитично и синтетично прави вивисекција, сондажа на севкупните цивилизациски дострели. Тој мошне умешно ги спротиставува и преклопува световите, цивилизациските фрагменти, историски споменици на колективната меморија, симболи на настанокот и опстанокот на светот...

Како што ќе запише Виолета Крстиќ, историчарка на уметност, истражувачката мисија на Брањголица е длабоко посветена и повеќекратно ангажирана во настојување на одбрана на природата, човекот и човечното во човекот. Неговиот повик е силно нагласен и енергично артикулиран против современите духовни ерозии, отуѓувања, против глобалните микро и макро генерирани кризи, против ништожноста, злото и омразата, подвоеноста на луѓето и световите.

Таа порака преку делата ја упати авторот во Сплит. Влахо Брањголица е роден во Скопје од познато семејство на уметници: татко му е еден од најпознатите македонски композитори, а мајка му солистка на Македонскиот народен театар. Тој неколку години предава на Академија Италијана и на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Добитник е на бројни награди. Досега има реализирано неколку самостојни и групни изложби во Македонија и надвор од неа.

М. Георгиевска

## Штипското културно лето отворено со концерт на “Езерки и седум осмини”

**Штип:** Дваесет и шестото издание на Штипското културно лето почна со концерт на хрватската група “Езерки и седум осмини”. Публиката одлично ги прифати гостите од Хрватска кои ја отворија најстарата манифестација во Штип.

И на плоштадот во Гевгелија целовечерен концерт со сплет од македонски традиционални песни и музички раритети изведоа членовите на женската пејачка група “Езерки” од Хрватска, придружувани од оркестарот “7/8”. Концертот беше дел од програмските гостувања на оркестри и ансамбли во рамки на годинашната манифестација “Гевгелија-Град на културата за 2011 година” што се одржува под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија.

Етно составот “Езерки” постои 16 години, а покрај настапот во Гевгелија планирано е заедно со оркестарот “7/8” да одржат концерти и во Скопје, Велес и Штип.

МИА

## Пејсажите на Жељко Делач



**Сплит:** Месецот мај го одбележаа низа активности на МКД “Македонија”, меѓу кои се вбројуваат и неколкуте изложби. Во соработка со Заедницата на Македонците во РХ и под покровителство на Советот за национално малцинство на Република Хрватска беше отворена изложба на слики од Жељко Делач од Риека. Неговите дела меѓу кои и бројните пејсажи кои пленеа внимание со својот колорит беа поставени неколку денови во просториите на МКД “Македонија”.

Преку сликите се прикажани мотиви на типично Горанското и Кварнерското поднебје.

Како што ќе запише во каталогот за изложбата проф. Силвија Бенковиќ Ператова, "...во раскошноста на воздушните длабочини, сликарот го покажува својот дар на совладување бои како поет кој стиховите ги пишува со леснотија. Преку нив можат да се насетат мирисите на шумите и пеењето на птиците во сите нијанси на годишните времиња. Жељко Делач преку сликите бара свои ефекти, свои формули, свој автентичен ракопис. Покрај пејсажите авторот се ставил на проба и на други мотиви како што се мртва природа, урбани пејсажи на градот Риека, цветни мотиви, анималистички призори и друго."

Авторот твори петнаесеттина години, а најнапред почнал да се бави со уметност, за своја душа, а потоа нешто поактивно почнува да создава по вклучувањето во Ликовното здружение "Вели пинел" во Кострена, каде запознава многу личности со сличен афинитет. Таму, своето сликарско знаење го надополнува под стручното водство на водителот проф. Јосип Дерања, а денес тоа е академскиот сликар Иван Пенезеш Надалов.

Жељко Делач е инженер по електоника, а мир од динамичното живеење обележано со мобилни телефони и со интернет, наоѓа во своето хоби-ликовното творештво. А секоја новосоздадена слика на секој автор му ја полни душата со среќа и задоволство. Делач е активен ученсик на бројни ликовни манифестации. Редовно изложува свои дела заедно со останатите членови на ликовното здружение на повеќе од триесетина групни изложби и преку дваесет самостојни изложби.

М. Георгиевска

## ФРАСК ФЕСТИВАЛ 2011




**Загреб:** На 7 мај 2011 година во загрепскиот театар "ИТД" се одржа третото издание на свеучилишниот театарски фестивал ФРАСК ("Франкофоно студентско Казалиште") кој во Загреб собра седум театарски дружини од Љубљана – Словенија, Париз – Франција, Сараево – Босна и Херцеговина, Скопје – Македонија, Задар и Загреб – Хрватска.

Во организација на студентите на француски јазик од Одделот за романистика при Филозофскиот факултет во Загреб, а со поддршка на Свеучилишната агенција за франкофонија (AUF), Францускиот институт во Загреб и Францсуката амбасада во Р. Хрватска, фестивалот ФРАСК се претстави како сцена на театарски средби и размена на искуства на франкофоните студенти од југоисточна Европа. Со оваа манифестација се одбележи и 50-годишнината од постоењето на Свеучилишната агенција за франкофонија.

Македонија на овој фестивал се претстави со: Amphytrichou – Paul Edmond / LES ARTCOOLIQUES (Скопје). Сите театарски претстави беа проследени со титл на хрватски јазик.

Е. Петровска

## Изложба "ОКО" на К. Стојановски



**Загреб:** Во галеријата Матица Хрватска, на 5 мај годинава беше отворена изложбата на амбиентална инсталација наречена "Око" од првиот дел на циклусот "Zoon politikon" или "политички Биг Брадер во Окото" на познатиот македонски уметник Крунислав Стојановски. Стојановски со оваа изложба на политичарите им го одзема тонот, оставајќи ги неразбирливи и потполно беззначајни. Токму политичарите се клучна тема на "Окото" на Стојановски. Тој е испровоциран со силата на политичарите со која успеваат да повлечат цела толпа луѓе за да ги остварат своите цели и амбиции. Авторот во своето "Око" сместува многубројни политичари како што се Хитлер, Стаљин, Мартин Лутер Кинг, Ганди, Мубарак, Тито, Туѓман и други, и воајерски ги набљудува. За Стојановски Вања Бабиќ ќе рече:

- Krunislav Stojanovski pripada među angažirane autore koji intenzivno i nadasve iskreno promišljaju stvarnost što ih okružuje, pri čemu će uvijek – za razliku od mnogih svjetonazorski bliskih mu umjetnika – izrazitu važnost pridavati usuglašavanju etičkih i vizualno-estetskih komponenti likovnog djela. Umjetnost, dakako, ne može promijeniti sve ono loše što nas okružuje; neuspjeh modernističke utopije nipošto nije bio slučajan. Utjehu, pak možemo pronaći u obratnom procesu: loš i nesavršen svijet često provocira kvalitetne i vitalne umjetničke projekte, baš kao što je to slučaj i s Krunislavovom izložbom "Oko".

Крунислав Стојановски е роден 1969 во Скопје. Во 1998 дипломира сликарство на АЛУ Загреб, а 1997 Public Art во Австрија. Студиски престојувал во Финска и Австрија. Член е на HDLU од 1997, а на HZSU од 2004. Се бави со сликање, цртање, амбиентални инсталации, фотографија, видео, реставрација, пишување и едукација. Во своите дела често ја проблематизира социјалната, хуманистичката, еколошката и политичката тематика со посебен акцент на поединецот и неговата улога, можности и значење во глобалното. Организира различни уметнички проекти со меѓународен карактер. Добитник е на многу награди и признанија. Досега остварил преку 20 самостални и 35 заеднички изложби. Живее и работи во Загреб.

Е. Петровска

## Изложба „Море на светлината"

При отворањето на изложбата на Влахо Бранѓолица на 7 јуни годинава во научната библиотека во Задар, Мирјана Мајиќ рече дека е тој роден во Скопје од татко Хрват и е член на Заедницата на Хрватите во Република Македонија. Добитник е на многубројни награди во Македонија и надвор од неа. Сликите на изложбата „Море на светлината" навистина се прекрасни, а тоа им овозможи на посетителите да уживаат во оваа вечер.

Би завршиле со зборовите на управникот на Научната библиотека Задар, кој рече: „Ова е синергија на стихот и сликата."

М. Мајиќ

## Македонската амбасада во Загреб ја одбележа 150-годишнината на Зборникот на Миладиновци

По повод одбележувањето на 150-годишнината од печатењето на Зборникот на браќата Миладиновци во Загреб, на 24 јуни 1864 година, Амбасадата на Република Македонија во Загреб, организираше тркалезна маса посветена на делото на браќата Миладиновци. Настанот се одржа на Филозофскиот факултет во Загреб, на 2 јуни 2011 година.

На симпозиумот, амбасадорот на Република Македонија во Република Хрватска, Н.Е. Данчо Марковски се обрати пред професорската фела и студентите од катедрите по славистика, истакнувајќи ја колосалната улогата на струшките браќа за македонската самобитност и јазична дистинкција, како и стилизацијата на македонскиот јазик, што во периодот на средината на 19. век сè уште не е стандардизиран. Во своето обраќање Марковски му оддаде и посебна почит на основачот на Хрватската академија на науките и уметностите, бискупот Јосип Јурај Штросмаер, чија улога е неоспорно значајна при објавувањето на Зборникот.

Свое излагање имаа и проф. д-р Горан Калоѓера од Филозофскиот факултет во Риека, воедно и почесен конзул на Р. Македонија во Р. Хрватска, проф. д-р Људмил Спасов, надворешен соработник на Филозофскиот факултет во Загреб, проф. д-р Борјана Прошев-Оливер од Филозофскиот факултет во Загреб, Ана Васунг од катедрата по бугарски јазик на Филозофскиот факултет во Загреб и проф. д-р Борисав Павловски, од Филозофскиот факултет во Загреб.

Научниот собир беше затворен со идеја за објавување на Зборник во кој ќе бидат содржани излагањата на учесниците.

Во рамките на активностите посветени на одбележувањето на 150-годишнината од печатењето на Зборникот, Амбасадата во соработка со почесниот конзул на Република Македонија во Република Хрватска, проф. д-р Горан Калоѓера и Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци" од Осиек, а во координација со локалните власти подготвува одбележување на јубилејот значаен не само од книжевен, туку и од национален аспект, преку одржување на проекции на играниот филм за Миладиновци, дистрибуција на репринтот на Зборникот на Миладиновци, како и објавување избор песни од Зборникот во списанието "Македонски глас".

Марина А. Вујаклија



## 150 години на Зборникот на браќата Миладиновци




Неодамна Заедницата на Македонците во Република Хрватска и МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек ја објавија брошурата "150 години на Зборникот на браќата Миладиновци" на македонски и хрватски јазик. Уредник е Благоја Јовановски, а брошурата ликовно и технички ја осмисли Љупчо Таневски.

Во воведот Б. Јовановски пишува: "Оваа мала брошура просветена е на големиот јубилеј 150 години од излегувањето на ЗБОРНИКОТ, златната книга на македонската преродба, на вечните Миладиновци, на неговата превозвишеност господинот Јосип Јурај Штросмаер, епископ босански и ѓаковачки, во знак на благодарност и на потврдената и прифатената манифестација "Денови на браќата Миладиновци" во Ѓаково и Осиек... Делото на браќата Миладиновци, овде накусо изнесено, не ги прикажува огнените преродбеници како личности што одиграле голема и првокласна улога во нашата културна и национална преродба. Оттука нивното место во историјата на нашата културна и книжевна преродба е особено високо – браќата Миладиновци го држат првото место во историјата на македонската преродбенска книжевност."

Потоа, за Брошурата пишува Катица Ќулавкова. Најнапред го цитира Димитар Миладинов "Јас го посеав семето, а вие бидете живи да го ожнеете неговиот плод", за да напише опсежен текст за животот и делото на Миладиновци.

Брошурата продолжува со презентација на богатата биографија на Јосип Јурај Штросмаер и приказ на манифестацијата "Денови на браќата Миладиновци" кои во Осиек и Ѓаково се одржуваат од 1998 година до денес. "Бисер" на Брошурата за браќата Миладиновци се петте песни од Зборникот и "Балада на двата брата" на авторката Ирина Ковалева.

Марина А. Вујаклија

# Две децении МКД "Македонија" Сплит

***За бројните успеси на Македонското културно друштво на пригодната свеченост говореше претседателот на Друштвото, Ангел Митревски, посочувајќи ги успесите на секциите што функционираат во неговите рамки***



*Настап на најмладите членови на МКД „Македонија"*

На 24 мај годинава во манастирот во Сплит беше одбележан јубилејот – 20 години од формирањето на македонското друштво "Македонија". Пред бројните гости се одржа свечена академија, која истовремено беше посветена на сесловенските и македонските просветители Светите Кирил и Методиј.

За бројните успеси на Македонското културно друштво говореше претседателот на Друштвото, Ангел Митревски, посочувајќи ги и секциите што функционираат во рамки на МКД. Фолклорната група предводена од Блага Атанасова-Масачеси имаше можност да се претстави пред присутните со "Мариовска тресеница", која ја изведе во придружба на оркестарот "Македо", "Пајдушкото оро", "Калајџиското оро" и орото "Низ Македонија", во кореографија на водителката на фолклорната група.

Во рамките на МКД од Сплит постои и пејачка група која функционира веќе шест години. Водителка на оваа група е Олга Барбир, Хрватка со унгарско потекло, особен почитувач на македонската музика. А музичкиот состав, под нејзината водителска палка, напредува со големи чекори. Тие пленат со изведбите на македонските народни песни, кои со посебни емоции се доживуваат во публиката. Пред неколку месеци заедно со фолклорната група со своите активности се претставија пред публиката во Македонија.

А најмладите членови на МКД "Македонија", кои го посетуваат училиштето за македонски јазик и култура и го негуваат македонскиот збор и македонската песна, се претставија со рециталот "Песна за солунските браќа" и со песната "Ој девојче", при што предизвикаа громогласни аплаузи.

Вистинско изненадување на вечерта беше настапот на "Вокалисти Салоне", кои годинава успеаја да присуствуваат на прославата. Меѓу гостите кои зедоа учество во богатата културно-уметничка програма беа и пејачката група "Данко Пишта" на унгарското национално малцинство и КУД "Вињани" кои изведоа неколку песни од Имотскиот крај. Авторката Елизабета Петровска од Загреб која минатата година беше наградена на Струшките вечери на поезијата како најдобар автор од македонската дијаспора, читаше свои песни, но и реферат за браќата Кирил и Методиј, кој за оваа прилика го напиша свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински.

На одбележувањето на 20-годишниот јубилеј беа поделени и неколку благодарници на угледни личности, меѓу кои на директорот на Нова Македонија, Ратко Лазаревски, на првиот претседател на МКД "Македонија" Владимир Апостолски, на Виско Халадиќ, заменик жупан на Сплитско-далматинската жупанија.

Славјето од манастирот продолжи во новите простории на МКД "Македонија", каде низ песна и оро, се разбира и со македонски специјалитети и вино продолжи дружењето на домаќините и гостите.

Милена Георгиевска

# Вечер на “Нова Македонија” во Сплит

Традиционална свечена академија на најстариот македонски дневен весник се одржа во просториите на Европското движење во Диоклецијановата палата.

Пред бројни угледни личности од светот на политиката, културата и образованието, по втор пат, беше организирана Свечена академија на “Нова Македонија” во Хрватска. Меѓу другото, беше потенцирана улогата што ја има овој македонски медиум во негувањето и продлабочувањето на врските меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Во таа насока, поздравни честитки упатија претседателите на РХ и РМ, Иво Јосиповиќ и Ѓорѓе Иванов, како и хрватскиот амбасадор во РМ, Златко Крамариќ.



*Вечер на “Нова Македонија” во Сплит*

“Хрватска силно ја подржува Р. Македонија на нејзиниот пат кон ЕУ. Би сакале и Македонија што побрзо да влезе во Унијата. Жал ни е што спорот околу името на вашата земја сè уште не е решен, но се надеваме дека и по тоа прашање ќе дојде до придвижување во скоро време”, во својата порака напиша хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ. За македонскиот претседател Ѓорѓе Иванов, Свечената академија на “Нова Македонија” претставува извонредно значаен настан и со нејзиното одржување се дава дополнителен импулс во зајакнувањето на извонредно блиските врски меѓу РМ и РХ. Хрватскиот амбасадор во РМ Златко Крамариќ издвојува дека најголема предност на “Нова Македонија” е тоа што има свој дописник во Хрватска, при што на посебен начин придонесува во поврзувањето на двете држави и двата народа, што во многу ја олеснува и работата на дипломатите во Скопје и во Загреб.

“Токму активностите на дописништвото, го потврдуваат духот на првиот македонски дневен весник кој во изминативе 67 години ги бележи најсветлите датуми од основањето на современата македонска држава до денес”, рече македонскиот амбасадор во Р. Хрватска, Н.Е. Данчо Марковски, кој лично присуствуваше на свеченоста.

Од Скопје, допатува директорот на “Нова Македонија” Ратко Лазаревски, кој пред присутните ја апострофираше соработката на весникот со Заедницата на Македонците во РХ, како значаен сегмент од севкупната, мошне успешна, срдечна и пријателска соработка на сите полиња и сите нивоа меѓу РМ и РХ.

Според дописникот на “Нова Македонија” од Хрватска Сашо Георгиевски, токму во периодот на неговиот мандат дошло до препознавање и поголема динамика на соработката меѓу Македонија и Хрватска, како во медиумската димензија, така и во доменот на културата и размена на информации, а посебно во соработката со ЗМРХ и ЗХРМ, при што значителен белег остава токму “Нова Македонија”.

На свечената академија беа доделени и неколку признанија за успешна соработка и особен придонес во негувањето на пријателските односи меѓу македонскиот и хрватскиот народ и тоа на македонскиот амбасадор, Н.Е. Данчо Марковски, на познатиот академски вајар Александар Губерина, на новинарката и коментатор на “Слободна Далмација”, Даворка Блажевиќ, на претседателот на ЗМРХ Ангел Митревски и на почесниот македонски конзул во Риека проф. д-р Горан Калоѓера.

Вечерта беше проследена со дружење и со пригодна културно-уметничка програма на хорот при МКД “Македонија” и претставници на најстариот шибенски реномиран хор “Коло”. Меѓу бројните честитки беше и онаа на најстариот македонски клуб од Германија “Александар Македонски” која ја прочита нивната претставничка Зорка Илиќ.

Милена Георгиевска

# ДЕНОВИ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

*Богата програма и за Македонците и за Хрватите во Риека*





Сесловенските просветители Кирил и Методиј на словенските народи со глаголицата им ги подарија писмото и јазикот и ги внесоа во големото семејство на европските културни народи. По тој повод и во сеќавање на нивното големо дело на 21 и на 23 мај годинава во Риека се одржаа традиционалните Денови на Св. Кирил и Методиј. Организатор беше Советот на македонското национално малцинство за Град Риека во соработка со МКД "Илинден", претставникот на МНМ за Приморско-горанска жупанија и МПЦО "Св. цар Константин и царица Елена", а нивни соработници беа: Советот на МНМ за Град Пула, претставникот на МНМ за Истарска жупанија, МКД "Кочо Рацин" од Пула, МПЦО "Св. Јоаким Осоговски" и општината Башка, Друштвото за култура, екологија и традиција "Сињали" од Башка и Заводот за историски и општествени науки на ХАЗУ во Риека.

Програмата започна во саботата, на 21 мај пред црквата "Св. Луција" во Јурандвор. Хорот на МКД "Илинден" ја изведе свечената песна за браќата св. Кирил и Методиј. Во неа пронајдена е Башќанската плоча, првиот хрватски сочуван споменик со глаголското писмо. Токму затоа, во Башка на островот Крк, 2009 година отворена е Башќанската патека на глаголицата која го означува патот на хрватскиот народ низ векови. Патеката содржи 34 камени скулптури со глаголските букви и присутните имаа можност да ги разгледат и да се восхитуваат на нивната убавина. Програмата продолжи со поздравните и пригодни обраќања на домаќините: жупникот на Башка велечесниот Ивица Катунар, начелникот на општина Башка, Тони Јураниќ и претседателката на друштвото "Сињали", Бранка Полонијо.

Професорката Мирјана Црниќ од Заводот за историски и општествени науки на ХАЗУ во Риека одржа пригодно предавање на тема "Ќирило-Методиската традиција во Хрватска и Македонија". На извонредно интересен и непосреден начин таа потврди дека хрватско-македонските врски имаат долга традиција и многувековна соработка. Потоа, бројните посетители на платото пред црквата "Св. Луција" ги проследија песните и ората на МКД "Илинден", КД "Шото" од Башка и КД "Косириќи" од Тињан, од Истра. И покрај горештината што ги натера присутните да побараат сенка, пејачите и играорците смело и чудесно ја покажаа својата дарба, а нивните настапи постојано беа проследувани со долготрајни аплузи. Дружењето продолжи со заеднички ручек во хотелот "Тамарис" во Башка. Во текот на заедничкото дружење следеа повеќе часовни разговори, размена на искуства и договори за идна соработка. Така, првиот ден посветен на светите браќа Кирил и Методиј помина во прекрасна атмосфера со почит, доверба и соработка кои беа правила и во мисијата на солунските браќа.

На вториот ден од манифестацијата, на 23 мај во просториите на МКД "Илинден" во Риека, се одржа Свечена академија која беше отворена со свечена песна за Св. Кирил и Методиј. Во име на Советот на македонското национално малцинство и на сите македонски асоцијации, гостите и присутните ги поздрави претседателот на Советот на МНМ за Град Риека, Михаило Давчевски. Свои обраќања имаа и монсињор Никола Уравиќ, ректор на Богословното семениште "Иван





Павле II"во Риека, претседателката на Матица Словачка во Риека, Мирослава Гржиниќ, директорката на Музејот и галеријата "Нови Винодолски", Џурџица Крисшковиќ и претставникот на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, Ненад Младеновиќ. Професорката Мирјана Црниќ одново ја привлече публиката со интересно предавање на тема "Значењето на солунските браќа за Хрватското културно наследство". Живописно и аргументирано говореше за историската важност на светата мисија на браќата Кирил и Методиј со посебен акцент на глаголските споменици пронајдени на хрватските простори.

Одвојуваме два кратки фрагмента од нејзиниот реферат: "Glagoljica i glagoljanje u Hrvatskoj vrlo su važni čimbenici naše kulture, a dobili smo ih zaslugom Svete braće – Kirila i Metoda, čiji dan danas slavimo. S pravom se ponosimo time što je glagoljica ostala stoljećima u kontinuiranoj crkvenoj i svjetovnoj uporabi u Hrvata, osobito na Kvarneru – ponajprije na otoku Krku, mjestu na kojem je bila koncentracija glagoljskog pisma i slavenskog bogoslužja, otoku – poznatom eldoradu glagoljice. Glagoljsko pismo i slavensko bogoslužje bilo je u uporabi i na ostalom kvarnerskom području, u Hrvatskom primorju, Istri, Dalmaciji, Lici i Krbavi, odakle se u XV. st. širilo na dio Zagrebačke biskupije. Najstarije pak potvrde glagoljice ipak otječu s Kvarnera: Plominski natpis, Krčki natpis, Valunska ploča i Bašćanska ploča kao važan izvor za hrvatsku kulturnu i političku povijest. Sadrži najstariji spomen hrvatskoga nacionalnog imena na hrvatskom jeziku (kralj hrvatski) i pokazuje da se vlast hrvatskog kralja Zvonimira protezala i na otok Krk.

Glagoljica je i nacionalni simbol Hrvatske te je dospjela na mnoge uporabne predmete, čak i na ljudsko tijelo. To pismo nadahnjuje umjetnike, između ostaloga i književnike. Zbog svega navedenoga razumljivi su ljubav i pažnja kojom se glagoljica danas njeguje te su razvidni razlozi zbog kojih se s takvim poštovanjem štuju Sv. Ćiril i Metod. Njihova je uloga bila od iznimnog značaja za sve Slavene, a osobito za Hrvate – i kulturološki i povijesno i politički. Stoga se glagoljica stoljećima branila, a ta se obrana može objasniti okolnošću što je narod na jeziku koji je razumio izravno sudjelovao u obavljanju Službe božje te se pritom osjećao važnim čimbenikom za razliku od nazočnosti misi na latinskom jeziku. Uz to, narod je imao na taj način prigodu da bude u izravnom dodiru sa svjetskom kulturom – vjerskim i filozofskim problemima utkanim u liturgijama."

Ива Чрњар




# Денови на браќата Миладиновци во Осиек и Ѓаково

*Манифестацијата се одржа во знак на големиот роденден 150-годишнината од објавувањето на Зборникот на струшките браќа*



Парастос за Миладиновци во Загреб




Претставување на наградените поети во Осиек

"Деновите на браќата Миладиновци" секоја година претставуваат една од клучните манифестации и настани за осиечкото македонско друштво. Оваа година уште повеќе: МКД "Браќа Миладиновци" целата година јубилејно го одбележуваат роденденот на Зборникот, чиј допринос за развојот на македонскиот јазик, култура и литература е огромен. И не само тоа: "Оваа книга е првата поврзница помеѓу Македонија и Хрватска која ќе продолжи во текот на следните столетија, сè до денес и која ќе го означи почетокот на мостовите на зближување и соработка помеѓу двете татковини на Македонците од осеичкиот крај", кажа претседателката на МКД "Браќа Миладиновци", Јагода Тренеска Цветичанин.

Традиционално, Друштвото оваа манифестација им ја подарува на двата града, Осиек и Ѓаково, но годинава, манифестацијата ги опфати и градовите Загреб и Струга! Така, сè започна со Загреб кога на 2 јуни се одржа тркалезната маса "Денови на Димитар и Константин Миладинов", богата со бројни излагачи и гости и организирана од страна на Македонската амбасада во Загреб, а на иницијатива на МКД "Браќа Миладиновци". Една недела подоцна, на 12 јуни беше одржан парастос за браќата Миладиновци во црквата "Св. Рок" кој го предводеше протојерејот на МПЦ во Хрватска, Кирко Велински. На 15 јуни во Ѓаково, покрај полагањето венци на гробот на големиот бискуп и мецена Ј. Ј. Штросмаер, во прекрасниот амбиент на спомен-музејот на Штросмаер се случи претставувањето на тема "Ѓаково и Струга низ поезија", кое започна со излагањето на проф. Мирко Ќуриќ, претседател на Друштвото на книжевниците за Славонија и Барања за значењето на Зборникот и манифестацијата воопшто и продолжи со претставувањето на Владимир Мартиновски и Елизабета Петровска, наградените поети на Струшките вечери на поезијата во 2010 година.

Следниот ден во Осиек делегација на МКД "Браќа Миладиновци" заедно со амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска, Н.Е. Данчо Марковски и претставници од Заедницата на Македонците во РХ положија венци пред плочата на местото на родната куќа на бискупот Ј. Ј. Штросмаер. Настанот го збогати и настапот на пејачката група "Вардарки" со диригентот Слободан Цветичанин, по што, во попладневните часови во клубот на книжарата "Нова" следеше предавањето на тема "Хрватска и Македонија – минато, сегашност и иднина" што го подготви Н.Е. Данчо Марковски, а воведничар беше проф. д-р Јосип Врбошиќ. Топлина на звуци на настанот на вечерта му даде "Тешкото" во интерпретација на обоистот Дејан




*Амбасадорот Марковски како гостин предавач*

Чинчурак и виолинистот Кирил Наумов, а се заврши со претставувањето на наградените поети на Струшките вечери на поезијата пред осиечката публика, Владимир Мартиновски и Елизабета Петровска. На посетителите на манифестацијата беше поделена и брошура "150 години Зборник на браќата Миладиновци", чиј уредник е проф. Благоја Јовановски. Богатата програма на овогодинешните Денови ќе заврши во Струга со посета на Македонците од осиечкиот крај спомен-музејот на браќата Миладиновци на 2 јули.

Ако некако сублимирано можеме да ги опишеме овогодинешните "Денови на браќата Миладиновци", тогаш мораме да се согласиме со проф. Мирко Чуриќ кој во Ѓаково рече дека "Деновите оставија длабока трага во културата на Осиек и Ѓаково" при што обата града, но "посебно Ѓаково, со бискупот Штросмаер се покажаа како плодно тло за македонските браќа". Тој исто така истакна дека самото тоа што оваа манифестација трае 14 години значи дека "нејзината вредност е голема и дека постои и продолжува да постои со причина". Овој настан е важен и за градењето на врските помеѓу Хрватска и Македонија. На овој аспект од манифестацијата се осврна амбасадорот Данчо Марковски кој рече дека "Македонците се активна компонента на хрватското друштво" а настанот е "поврзница меѓу двата народа" чии односи ќе бидат онолку добри, рече проф. д-р Врбошиќ "колку што ќе бидат и двата народи паметни да продолжат онаму каде што почнаа браќата Миладиновци".

Сепак, кулминација на Деновите беа поетите. Поетесата Елизабета Петровска од Загреб, добитничка на наградата "Стојан Христов" за "Солзи полни насмевки", најдобра стихозбирка на македонски автор од дијаспората, која публиката во Ѓаково и Осиек ја плени со својата едноставност, емотивна и духовна силина, топлина и искреност, и Владимир Мартиновски од Скопје, добитник на наградата "Браќа Миладиновци" за "Квартети – за читање, гледање, пеење и слушање", најдобра збирка поезија меѓу два фестивали на Струшките вечери на поезијата 2010, чија поезија се читаше и пееше, и слушаше, и ритмички поттропнуваше."Тие се вистинското богатство на нашата Македонија, она со што се гордееме сите ние кои сме далеку од својот роден дом", рече м-р Јулијана Тешија, која наградените поети им ги претстави на публиката.



*Полагање венци на гробот на Штросмаер*

Вечерта исполнета со музика, поезија и емоции заврши со заедничко дружење и ветување, следната година да се видиме пак!

Јулијана Тешија



*„Вардарки" на местото на родната куќа на Штросмаер*

# Владимир Мартиновски
# “КВАРТЕТИ” Е АЛБУМ НА СЛИКИ

***Добитникот на наградата “Браќа Миладинновци” на Струшките вечери на поезијата за 2010 година вели дека Хаику е поетика на недосискажаноста и изненадувањето, а на читателот му остава можност да заклучува и пее со авторот, да поврзува и открива дел од авторовиот свет со својот***



Да се биде во друштво со Владимир Мартиновски, поет, есеист, критичар, музичар, вљубеник во убавото и зборот, е прекрасно искуство. Час и половина разговор минуваат како трепет зашто темите се неисцрпни, а искреноста и отвореноста на соговорникот, неговата едноставност и богатство се неисцрпни.

Со наградениот поет зборувавме за неговата стихозбирка “Квартети”, песни за гледање, слушање, читање, пеење, уживање и медитирање, духовно хранење и радување. Мартиновски пишува поезија, хаику, танка и хаибуни, есеи и критички осврти, објавил 11 книги, преведен е на 7 јазици, претседател е на три друштва за компаративна книжевност, семиотика и проучувања (едно македонско и две меѓународни), има 2 дечиња и среќно е оженет со една сопруга, уредник е на едно списание – “Мравка” (хаику), свири во бенд (“Баклава”), доцент е на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје и има докторат на Универзитетот Нова Сорбона во Париз. За сега. Кој знае што уште нему ќе му донесе иднината.

Еве неколку исечоци од разговорот со него.

За својата книга “Квартети”, запрашан да ја опише и да каже зошто пишува така како што пишува, разиграно, емотивно, силно, и од каде идејата за поврзувањето на уметностите, јазиците, боите и звуците, тој вели: “Квартети” се надоврзуваат на македонската традиција – музикалноста и сликовитоста кои се силно обележје на македонската поезија од нејзините почетоци, од старото народно творештво па сè до современите форми на изразување. “Квартети” се песни создадени во различни периоди од мојот живот, но најповеќе во Париз, во текот на моето студирање. Тие се всушност, албум од слики. Секое нивно читање е и можност за гледање на она доживеаното. Она што самиот сум го доживеал. Во “Квартети” ја истражувам врската помеѓу уметностите, не само есеистички туку и доживеани. Во своите студии зборувам за овие врски, а во поезијата сакав истите да ги почувствувам и да му ги пренесам на читателот.

За наградата “Браќа Миладиновци” за која во 2010 година конкурираа 31 поетска книга, меѓу кои и оние на Веле Смилевски и Магдалена Хорват, тој вели: “Не можев да поверувам кога ми јавија дека сум ја добил (ми јавија по телефон, не бев дома, бев на пат!). Не можам да поверувам ни сега! Тоа е голема награда, огромно признание. Таа награда е препорака книгата да се прочита и можност книгата да се препее на многу светски јазици, што е сон на секој поет. Наградата е признание дека нешто што работите е добро... јас сум поласкан што сум во друштвото на Маџиров, Ристов, Ацевска (спомнувам само дел од наградените кои беа и кај вас во Осиек).”

На прашањето од каде врската меѓу македонскиот јазик и хаику поезијата, тој вели: “Би тргнал од сензибилитетот, од сублимираното, синтетизираното поетско изразување толку својствено на македонската народна поезија и лирика, но и пејсажна поезија. Тука некаде е плодното тло, сенсот за хаику и лесната рецепција на жанрот во Македонија. Неговата структура, елиптичност и краткост му се блиски на македонското изразување. Хаику е поетика на недосискажаноста и изненадувањето – таа на читателот му остава можност да заклучува и пее со авторот, да поврзува и открива дел од авторовиот свет со својот.

За “Баклава” и музиката која овој бенд ја создава, вели: “Се обидуваме да го артикулираме музичкиот јазик кој сами го создаваме, а кој е дел од нашата традиција но и од сè она што го слушаме, што е дел од нашето лично музичко искуство. Нашиот најнов албум се вика “Калемар” и тој најдобро проговара за тоа што работиме: калемиме традиции и јазици, пееме на осум јазици и поврзуваме светови. Се надевам ќе дојдеме и ќе свириме во Хрватска. Би било добро кога би можеле да ги посетиме сите македонски друштва, како една мала турнеја, да ја претставиме музиката што ја свириме пред нашата – македонска, но и пред хрватската публика. Тоа би не радувало многу.”

За својот престој во Хрватска, доаѓањето во Осиек и Ѓаково: “Пресреќен сум! Запознав толку многу прекрасни луѓе, топло бев пречекан, стекнав пријатели на кои би сакал пак да им се вратам. Се надевам, патот повторно ќе ме донесе во Хрватска.

Јулијана Тешија

## Осми Денови на македонската култура во Задар




На 25 мај годинава МКД "Билјана" во Задар, започна со одржувањето на културната манифестација "Денови на македонска култура".

Почетокот беше означен со свечена академија за дневникот "Нова Македонија", најстариот весник на Р. Македонија, што во задарскиот хотел "Иж" привлече многубројни гости и членови на Друштвото. Пред академијата се одржа музичка програма, па на кларинет и гитара беа отсвирени и отпеани неколку песни со душа. Присутните гости ги поздрави претседателката на Друштвото, Мирјана, посакувајќи им добредојде, а во име на жупанот се обрати Марина Вуковиќ – Дујмовиќ. На настанот беа присутни и заменичката на жупанот, Рајка Раѓеновиќ, потпретседателот на националните малцинства при Владата на РХ, Веселко Чакиќ и други. Кога Мирјана Мајиќ го поздрави директорот на "Нова Македонија", Ратко Лазаревски, одекна голем аплауз.

Во предавањето учествуваше дописникот на "Нова Македонија" од РХ, Сашо Георгиевски. Милена Георгиевска го прочита писмото од претседателот на РХ, Иво Јосиповиќ и уште многу други писма упатени за оваа свечена академија на "Нова Македонија". Гостите ги поздрави и Зорица Илиќ од Диселдорф, членка на најстарото македонско друштво "Александар Македонски". Академијата беше внимателно проследена. На крајот се обрати и Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Мирјана Мајиќ им подари на гостите по една книга "Носталгија и љубов", од која со Надица Жампера прочита неколку песни. За сеќавање на престојот во Задар, на директорот Ратко Лазаревски, МКД "Билјана" му подари две монографии од Задар. Дружењето продолжи во пријатна атмосфера и коктел. Ратко Лазаревски до МКД "Билјана" испрати писмо со благодарност за убавиот престој во Задар.

## Промоција на книгата "Носталгија и љубов"

Манифестацијата продолжи на 7 јуни годинава во научната библиотека во Задар, со промоција на книгата "Носталгија и љубов" и отворањето на изложбата "Море на светлината".



"Во научната библиотека во Задар, навистина сме како дома". Ова многупати го нагласува претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Ангел Митревски. Во овој презентабилен простор најпрво се одржа промоција на книгата "Носталгија и љубов" од авторките Мирјана Мајиќ и Еми Лонгин. Во музичкиот дел настапи Иван Андријевиќ. "Соработка со оваа институција и МКД "Билјана" датира повеќе години наназад", истакна во своето обраќање управникот Миро Грубиќ. Тој, меѓу другото, рече дека му е мило по кој знае кој пат што ги поздравува членовите на МКД "Билјана", а исто така и претседателот на Заедницата Ангел Митревски. Потпретседателката на МКД "Билјана", најнапред му се заблагодари на Миро Грубиќ на убавите зборови и на тоа што секогаш заедно со вработените во оваа библиотека даваат потребна помош при реализација на програмите. Притоа, ја поздрави и Милена Икиќ, прочелница испратена од жупанот Стипе Зрилиќ, која ги поздрави и останатите гости, претседателот на Заедницата, Ангел Митревски, потпретседателот на Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска, Веселко Чакиќ, претседателот на Задарското дијабетичко здружение (ЗДУ), Серѓо Мичиќ, претседателот на Матицата на задраните, Иво Бабиќ и претставниците од сите национални малцинства на Задарската жупанија, и кажа неколку убави зборови за македонското друштво во Задар. Претставниците на медиумите и членовите на Друштвото посебно ги поздрави Анка Рабузин, која е уредничка на книгата "Носталгија и љубов" и Милена Георгиевска која ја читаше рецензијата од проф. Васил Тоциновски, кој беше спречен да присуствува на оваа промоција. Мирјана Мајиќ рече дека втората авторка Еми Лонгин од оправдани причини не е денес со нас. Таа и се заблагодари на Анка Рабузин за целокупната обработка на книгата и нагласи дека книгата се уредуваше и печатеше токму тогаш кога таа имаше една тешка операција и тоа и дало поголема желба за живот. "Фала му на Бога, сè заврши добро", рече таа. Му се заблагодари на проф. Васил Тоциновски за прекрасната рецензија. Анка Рабузин истакна дека книгата има три дела, затоа што десеттини песни не се преведени и оние кои немаат превод би изгубиле на обликот, а и на содржината. Песните наизменично ги читаа Надица Жампера и Милена Георгиевска. Потоа, Мирјана Мајиќ им подари на сите по една книга.

Мирјана Мајиќ

# ГАЛА-КОНЦЕРТ НА МКД “ИЛИНДЕН” ВО РИЕКА



Македонското културно друштво “Илинден” од Риека оваа година го слави својот дваесетти роденден. По тој повод во “Хрватскиот културен дом” на Сушак, на 27 мај се одржа гала-концерт на МКД “Илинден” и неговите гости. Дури и дождот не ги запре сите љубопитни посетители да присуствуваат на концертот и да дадат поддршка на фолклорот на МКД “Илинден” и нивните гости: КУД “Галеб” од Карин Горњи, КУД “Делнице” од Делнице и Ален Полиќ. Во прекрасната сала на “Хрватскиот културен дом” водителка на концертот беше Хелена Анушиќ, близок пријател на МКД “Илинден”, инаку водителка на локалната телевизија “РиТв” од Риека. Програмата започна со нејзините поздравни зборови на македонски јазик, со што пријатно ги изненадени сите присутни и доби голем аплауз за храброста!

Најнапред настапија домаќините МКД “Илинден”. За 20. роденден неговите членови покажаа своевидна и квалитетна вештина на пеење и танцување. Програмата започна со песната “Илинденска”, изведена од сите групи на Друштвото, а која е посветена на основачите на МКД “Илинден”. Подмладокот на фолклорната секција на “Илинден” ја одушеви публиката со изведбата на “Пајдушкото оро”. Нивните изведби беа вистинско доживување. Кога ќе се види колку труд вложиле и како напорната работа ги прави среќни, можеме да бидеме сигурни за зачувување и афирмација на македонската традиција во убавата Риека. Тие гарантираат дека успешно ќе ја негуваат и ќе ја продолжат уште многу години. Постарите фолклористи исто така ја импресионираа публиката со изведбата на орото “Пуштено”, кое традиционално се изведува на прослави и во фигуративна смисла на зборот, значи “да се биде слободен”.

Потоа, настапи пејачот Ален Полиќ, голем пријател на Македонците од Риека, кој направи мала драма со која ја изненади и ја израдува публиката. Притоа, рече дека не бил подготвен за овој настап и побара помош од публиката. Навидум случајно избра неколку жени од публиката, кои му се придружија на сцената. Кога тие пееја, публиката можеше да ги слушне нивните ретко убави и добро негувани гласови. Наскоро Ален откри дека тие се членови на Културно-просветното друштво на Русинците и Украинците “Калина”, основано во 2001 година. Ален исполни неколку свои песни, а веселата публика воодушевено му аплаудираше од срце.

По Ален Полиќ на сцената се појавија членовите на КУД “Галеб” од Карин Горњи, од околината на Задар. Тие ни ги покажаа своите убави славонски народни костими, кои самите ги изработиле во својата етно-работилница. Веројатно се прашувате од каде е славонското културно друштво во Задар! За време на војната Славонците се преселиле во Карин Горњи и таму почнале да го негуваат своето културно наследство, како и песните и ората од нивниот регион. Карин Горњи сега е дом на 60% Славонци, а нивните културни и уметнички друштва постојат седум години. На гала-концертот изведоа песни и танци од Славонија, Далмација и “буњевачки танци”. Ова беше прв нивен настап во Риека, а на годишниниот концерт на МКД “Илинден” дојдоа по покана на Дорис Лукетиќ, чии родители настапуваат во ова Друштво. Таа се школува во Риека, а неколку години пее и танцува во МКД “Илинден”. “Ние сме многу импресионирани од програмата на гала-концертот, му благодариме на “Илинден” за поканата, а најмногу на нашата ќерка, која сето ова го организираше”, рече Златко Лукетиќ, претседател на КУД “Галеб” од Карин Горњи.

Потоа на сцената повторно излегоа членовите на МКД “Илинден”. Нивната пејачка група ги изведе песните “Молитва” и “Лихнида којче веслаше”. Здраве Зафиров ја испеа познатата песна “Пароходот ми пристигна”, а подмладокот го изведе “Малашевското оро”.

КУД “Делнице” од Делнице се претстави со мешаниот хор и играорци. Под раководство на Мирјана Мајнариќ и придружувани со тамбура, ги изведоа песните: “Мој Горски Котар – Делнице граде”, “Ја никог немам”, “На те мислим” и “Катаринчица”, а потоа настапија со ора од Горски Котар и Делнице придружувани од тамбурашите под раководство на Фрањо Јаковац и дијатонските хармоники на Златко Станешиќ. КУД “Делнице” постои 35 години и ова е нивен прв настап на гала-концерт на МКД “Илинден”. Тие се стари и добри соработници, па меѓу другото, во февруари МКД “Илинден” беше гостин на нивниот концерт на Денот на вљубените.

Во рамките на програмата настапија младите девојки-рецитаторки Тереза Коlariќ, Ана Беовиќ и Марија Тереза Беовиќ. Сестрите Беовиќ го учат македонскиот јазик во дополнителната настава по македонски јазик во Основното училиште “Центар” во Риека. На прашањето од водителката Хелена Анушиќ зошто го учат македонскиот јазик, тие одговорија: “Поради нашата френдица Тереза!”.

По нив на сцената дојдоа играорците од МКД “Илинден” кои ја изведоа “Водарки”, а по нив пак, подмладокот ја изведе “Елено моме”. Пејачката група ги исполни песните “Ружо моја црвена” и “Праша ли Тинке мајка ти”. За големото финале на гала-концертот играорците ја изведоа “Пирин пролетно цвеќе”. Оваа кореографија е мошне тешка, а девојките и момчињата од МКД “Илинден” ја изведоа одлично. Така на најдобар можен начин заврши јубилејниот концерт за оваа 2011 година, со зборовите на благодарност од претседателката на МКД “Илинден”, Ивона Дуноски Митев, упатени до сите учесници и до гостите на концертот.

Ива Чрњар

## Промоција на првото ЦД на Костадинка Велковска “МОЈАТА ПРИКАЗНА“

***Тоа е насловот на првиот носач на звукот на реномираната артистка и шансониерка***



**Загреб**: Засекогаш младата, шармантна и убава актерка и шансониерка Костадинка Велковска на 13 јуни годинава го промовираше своето прво ЦД “Мојата приказна”, во издание на продуцентската куќа “Арија”. Настанот се одржа во престижниот “Movie Pab”, а го проследи “кремот” на Загреб. Меѓу двестотината гости беа политичари, адвокати, судии, познати пејачи и артисти, меѓу кои најбројни беа нејзините колеги од матичниот театар “Керемпух”. Секако, на промоцијата присуствуваше и македонскиот амбасадор во Р. Хрватска, Н.Е. Данчо Марковски со своите соработници.

На ЦД се објавени 11 шансони. Музиката ја потпишува Тони Етеровиќ, долгогодишен соработник на Коста, а стиховите и аранжманите се на неколку познати хрватски музички автори. Овој носач на звукот завршува со шансоната “Не давај се Коста”, за која стиховите ги напиша Војо Шијак, а музиката и аранжманот се на Тони Етеровиќ. Нејзината интерпретација предизвика најголем аплауз од публиката, па дури и вкочанетите политичари удираа со нозете во ритамот на песната.

Костадинка Велковска во официјалниот дел интерпретираше неколку шансони од ЦД-то, а потоа настапија неколку нејзини колеги, кои ги испеаја своите најуспешни песни. Меѓу нив, публиката ја воодушеви загорецот Мирко Швенда – Жига, кој пееше не само загорски, туку и далматински и загрепски шлагери. Но, ѕвезда на вечерта беше синот на Коста, Никола, кој се претстави со еден евергрин, а неговиот настап ја дигна публиката на нозе. “Крушката под крушка паѓа!”, нели?

До доцните вечерни часови се свиреше (Тони Етеровиќ на својот синтисајзер ги прateше сите интерпретатори) и се забавуваше, а се заигра и македонско оро на песната “Македонско девојче” и се пролеа по некоја солза на “Параходот пристигна”, кои прекрасно ги отпеа Костадинка Велковска.

Не давај се Коста!

М. Апостоловска – Вујаклија

## Македонска опера на фестивал во Шибеник

***На годинешното 51. издание на реномираната и потврдена хрватска манифестација Меѓународниот фестивал на детето се претставија и македонски уметници од Македонската опера и балет, како и од Баскер фест од Скопје, кој со години station наназад ги полни шибенските плоштади и улици***



*Хорот “Здраво малени” на отворањето на Фестивалот*

Меѓу бројните угледни учесници, кои годинава ги има над 1.200 се најдоа и Македонци, па на овој реномиран фестивал учествуваше и Македонската опера и балет, како и Баскер фест од Скопје, кој со години наназад ги полни шибенските плоштади и улици.

МОБ на летната сцена на 27 јуни ја раскажа приказната за Доктор Офболи, а во хрватската јавност Македонската опера и балет од Скопје беше претставена како институција која е основана пред 62 години и која ја негува традицијата на танц, формирајќи генерации на танчери, кореографи и педагози од кои некои се многу познати и признати на странската балетска сцена.

Баскер фест кој го предводи Пане Темов од Скопје, програмата на годинешното издание на Меѓународниот фествал на детето ја збогатија со најдобрите улични забавувачи од целиот свет, кои секоја година ги носи во Шибеник. Жонглери, акробати, танчери, голтачи на пламен, пантомимичари, маѓионичари, имитатори подготвија настапи за плоштадите и улиците, каде ги забавуваат бројните посетители и гости, а секако најинтересни беа за децата, на кого и е наменет овој Фестивал.

Покровител на оваа реномирана манифестација е хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ, кој и лично присуствуваше на свеченото отварање на 18 јуни.

- Да би биле среќни децата мораат да имаат знаење и образование. Овде гледам лица на среќни деца, родители со лица кои зрачат љубов за своите, но и за другите деца. Сигурен сум дека и овој Фестивал ќе биде фестивал на љубов, среќа, фестивал на децата кои сакаат други деца, порача претседателот Јосиповиќ.

Хрватскиот претседател по свеченото отворање на неформалното дружење изрази големо задоволство што се продлабочува соработката на културен план меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Летово ги гледаме македонските уметници на хрватски фестивали, а хрватските на македонски манифестации. Во таа насока беше спомнато гостувањето на најстариот хрватски хор “Коло” во Македонија, каде во јуни пред бројната публика одржаа концерти на Скопско лето и во Куманово.

Милена Георгиевска

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ПРОМОЦИЈА НА „ПАТ – ДРУГ ПАТ“ НА ЛИЛЈАНА ДИМОВА ПЕТЕРНЕЛ





Во рамките на годинешната културна манифестација "Денови на македонската култура" во Загреб, на 27 мај годинава, во книжарницата "Богдан Огризовиќ", МКД "Охридски бисер" во соработка со Заедницата на Македонците во РХ, а со поддршка на Советот за национални малцинства при Владата на РХ, организираше претставување на книгата поезија "Пат – Друг пат" од македонската поетеса Лилјана Димова Петернел.

Стихозбирката пред бројните гости ја претставија драмските уметници Давор Сведружиќ, Власта Кнезовиќ, која е воедно и илустратор на збирката, писателот Бранислав Глумац, рецензент и лектор на збирката и драмскиот писател Владимир Стојсављевиќ, советник за култура на Град Загреб.

- Во поезијата на Петернел има еден цел универзум на интима и тоа е она скапоценото што ве допира. Во прозата понекогаш се поткрадуваат и лаги, но поезијата е искрена и затоа во неа сите се пронаоѓаме, истакна Бранислав Глумац.

- Јас не сум некој стручњак за поезија, но мислам дека денес поезијата по малку исчезнува. И токму затоа, пишувањето поезија денес е голема храброст. А Лилјана со својата поезија постојано нè потсетува на некои минати времиња кога поезијата имала сосема инаква вредност. Таа ни зборува колку сме всушност кревки и минливи, меѓу другото рече Владимир Стојсављевиќ.

Стихови од двојазичната збирка поезија читаа Власта Кнезовиќ и Давор Сведружиќ, а во музичкиот дел од промоцијата настапи пејачката група "Моми бисерни" со неколку македонски народни песни.

На крајот, авторката Лилјана Димова Петернел се заблагодари за вниманието и изрецитира една своја песна на македонски јазик, за што гостите ја наградија со срдечен аплауз, а потоа сите се дружеа во пријатна атмосфера и скромна закуска.

Елизабета Петровска

# Кратки вести од Осиек
# ДЕНОВИ ИСПОЛНЕТИ СО НАСТАНИ И НАСТАПИ

## 28 мај 2011 – "Браќа Миладиновци" во Орашје




Трета година по ред, Центарот за култура во Орашје, Босна и Херцеговина, ја организира манифестацијата "Денови на културата", а "Вечерта на Македонската култура" на 28 мај и беше доделена на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек.

Таа одговорна задача Друштвото ја реализираше со сите свои секции со кои се обиде да претстави дел од македонската култура.

Настапот на МКД "Браќа Миладиновци" започна со читањето на прекрасната песна "Т'га за југ" на Константин Миладинов со која македонскиот јазик зазвучи на сцената по што настапи детската секција "Бисерчиња" кои ја исполнија песничката "Роденден" со солистот Давид Ѓорѓијевски, честитајќи им на организаторите на трогодишнината. Децата ја разгалија публиката и со своето танцување, со кореографија на водителката на секцијата Сања Бузачиќ.

По нив, на публиката и се претставија инструменталистите од секцијата "Т'га за југ", Дејан Чинчурак на обоа, Кирил Наумов на виолина и Анте Блажевиќ на клавир со композицијата "Охридски бисери" на Нел Милоти и со виртуозни македонски кола, со што ја пленија публиката и добија огромни аплаузи!

Македонската песна на присутните им ја доловија и нашите "Вардарки" кои настапија со сплет македонски песни под диригентската палка на диригентот Слободан Цветичанин, во придружба на Дејан Чинчурак, Кирил Наумов и овој пат Јагода Тренеска Цветичанин на клавир.

Македонските ора и прекрасните носии публиката ги почувствува низ настапот на фолклорната секција "Танец" и кореографиите на Мирта Гало.

Пред публиката се претстави и дуото Ксенија Менковска – Слободан Цветичанин со изведбата на песната "Лихнида кајче веслаше" и Ксенија Менковска со интерпретација на песната посветена на Тоше Проески "Ѕвезда македонска".

Тезгите на етно-кулинарската секција "Везилки" беа прекрасен вовед и крај на настапот на МКД "Браќа Миладиновци" во Орашје, понудувајќи можност за запознавање со убавиот накит и везови, но и со дегустација на македонските традиционални јадења направени од вредните раце на членките на оваа секција.

Музиката, текстовите, ритмот, носиите... проткаени со филмските проекции за Тоше, Охрид и Струга, им ја претставија македонската култура на многубројните посетители на Орашје.

## 5 јуни 2011 – "Бисерчиња" беа дел од "Змаеви над Осиек"

Во неделата, на 5 јуни, во спортската сала на аеродромот во Осиек се одржа традиционалната осиечка Змајада со што се одбележаа 40 години од одржувањето на првата манифестација "Змаеви над градот".

Секоја година свое учество на настанот можат да земат деца од основните училишта од Осиек и поблиската околина; оваа година и нашите основци – ученици по македонски јазик, со своите вредни раце и со заеднички напор направија прекрасен змај од кои на претставниците на Советот на Аероклубот им застана здивот. Малите "Бисерчиња" од МКД "Браќа Миладиновци" на својот змај работеа неколку саботи, богато го украсија и кога беше подготвен, Ангелот – чувар гордо се вивна во небото!

Иако не беше награден, змајот на "Бисерчиња" уште долго ќе го чува и краси нашето Друштво во Осиек!

## 5 јуни 2011 – Од Папук доаѓаат позитивни меѓунационални вибрации

Девет друштва на националните малцинства оваа година ја претставија својата култура и народно творештво меѓу кои и претставниците на унгарското, македонското, српското и чешкото малцинство од Славонија. Сето тоа се случуваше под падините на Папук, во прекрасниот Воќин, во Вировитичко-подравската жупанија каде се одржаа Третите фолклорни смотри во организација на општината Воќин.

МКД "Браќа Миладиновци" се претстави со својата фолклорна секција "Танец" и вокалната "Вардарки".

Идејата на манифестацијата инаку, како што истакна заменикот на градоначалникот на општината Воќин, Игор Павковиќ на отворањето на манифестацијата, е истата да испрати позитивни вибрации кои говорат дека сочувувањето на културното богатство и особеност на националните малцинства влијае врз јакнењето на меѓусебното уважување, запознавање и толеранција.

## 18 јуни 2011 – МКД "Браќа Миладиновци" на "Липањски сусрети" во Горња Граченица

МКД "Браќа Миладиновци" со фолклорната секција "Танец" овој јуни беше на гостување на Десеттите јунски средби во Горња Граченица на покана и во организација на КУД "Мославка". Во културно-уметничкиот дел од програмата, покрај нашето друштво се претставија и друштва од Унгарија, Босна и Херцеговина и Словенија.

Јулијана Тешија

# Академик д-р Жан Митрев
# СРЦЕТО МИ Е ОПСЕСИЈА ОД КОЈА НЕ МОЖАМ ДА ИЗБЕГАМ

*Горд сум на она што го направив, а зад себе со задоволство ќе и го оставам на Македонија*



Академик д-р Жан Митрев е врвен специјалист по кардиохирургија. Роден е 1961 во Штип, Македонија. Основно и средно образование заврши во родниот град, а во 1985 дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје. Постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Загреб и специјализација завршува во 1990 г. Десет години учи и собира искуства од областа на кардиохирургијата во Германија и Швајцарија. Се враќа во Македонија во 1999 г. и отвора прва приватна кардиохирургија во Скопје, специјалната болница "Филип Втори". Како член на повеќе европски и светски здруженија на лекари специјалисти од областа на кардиохирургијата се здобива со бројни награди и признанија меѓу кои се и благодарница и статуетка за хуманист на годината во чест на роденденот на нобеловката Мајка Тереза, наградите за меѓународен научник на годината од страна на International Biographic Centre, Кембриџ, Велика Британија и наградата Man Of The Year, на American Biographical Institute, Inc. Досега напишал публикувани и презентирани над 150 стручни научни трудови.

Специјално за "Македонски глас", д-р Жан Митрев ни одговори на неколку прашања.

**Докторе Митрев, многу луѓе слушнале и зборуваат за Вас, за Вашата дејност, хуманост. Во народот Ве нарекуваат "Човек со златни раце". Но, што би рекле Вие за себе, како би се претставиле?**

- Добро, ќе кажам дека сум едноставен човек сакам да им помагам на луѓето, веројатно и затоа ја одбрав оваа професија.

Секојдневно правам по неколку операции за кои треба исклучителна организираност, концентрација и спремност. Оперирам тешко болни пациенти и затоа се трудам максимално да им помогнеме на луѓето со знаење и со љубов.

Можам да кажам дека сосема сум посветен на кардиоваскуларната хирургија. Се сеќавам уште како дете бев многу љубопитен и не се задоволував со просечност. Кардиохирургијата ми беше најинспиративна и на некој начин и најмистична можеби и затоа решив со неа да се окупирам и да ја доведам работата до совршенство. Срцето ми е опсесија од која не можам да избегам.

**Еден дел од Вашето професионално надградување е и завршената специјализација на Клиниката за кардиохирургија "Ребро" и постдипломските студии на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Загреб (1988-1990). Кои спомени Ви останале од тоа време, од престојот во Загреб?**

- На Клиниката за кардиохирургија "Ребро" го поминав најголемиот дел од специјализацијата по општа хирургија. Интересно беше што во Загреб веднаш од почетокот на специјализацијата дојдов на кардиоторакална хирургија. Тогаш шеф беше проф. Соколиќ, тој беше кардиохирург и главен на цела хирургија. Јас дојдов директно кај него. Тој беше многу строг и многу му се плашеа, и во главно другите специјализанти доаѓаа на крај од специјализацијата, последните 2-3 месеци, што мораа да ги поминат на кардиохирургија. На него многу му се допадна тоа што јас дојдов на почетокот на мојата специјализација и тој велеше: добро е штом доаѓаш на почетокот кај мене, од тебе ќе биде нешто. Можеби да беше сега жив, ќе му беше мило и ќе се сетеше на тие зборови. Потоа, 90-та година заминав за Германија. Тоа беше така во кратко, моите почетоци и мојот допир со кардиохирургијата. Значи, повеќе од 20 г. наназад. При крајот во Загреб дури ги направив првите неколку операции на срце, како што беше затворање на АСД, секако под асистенција на професорот. На спомените секогаш се сеќавам со радост, како дружбата со моите колеги. Со некои од нив и ден денес контактирам, како проф. Биочина кој ми беше гостин, дојде во Македонија за прославата на 10-годишнината на "Филип Втори".

**Искуството во својата струка повеќе од десет години сте го собирале низ Европа живеејќи и работејќи во Германија и Швајцарија. Дали носталгијата за родната грутка беше пресудна да се вратите во Македонија, на своите корени?**

- Мојата одлука да се вратам во Македонија практично беше одлука, која цврсто стоеше уште од моментот кога заминав. Отидов во Германија за да научам и да се вратам назад, да направам кардиохирургија која не постоеше во Македонија. Во целиот мој период на учење, развој и многу тешка работа, во ниеден момент таа мисла не ми се изгуби. Туку напротив, ми беше

страв од тоа што ако не успеам да се вратам. Целиот мој процес на размислување, созревање, работење, беше насочен максимално да се обучам, да работам, да ја совладам целата патологија и сè она што е можно за што пократок период. Инвестирав максимално во себе, сè она што може човек да го инвестира, во време, во енергија, во љубов кон таа работа, за да го остварам тоа враќање назад. Целото тоа учење, усовршување и успех во медицината е личен успех, но во исто време беше буквално процес на посветеност и саможртва која траеше 10 години. И тоа враќање назад, траеше точно 10 години за конечно на 1 март 2000 г. да ја направам првата бајпас операција. Најавена кај сите медиуми, над 30 новинари, камермани, фоторепортери, сите се во операциона сала. Илјадници операции сум направил по светот, но оваа е прва овде, во оваа сала, со нова опрема, нова екипа и пред очите на целата јавност. Тоа беше мојата најтешка операција. Кога почнав во Македонија за мене беа конкуренција сите големи околни центри, кои веќе постоеја. Тогаш почнавме со 200 операции, минатата година направивме бројка од вкупно 1800 кардиоваскуларни операции. Со тоа ги надминавме сите центри, почнувајќи од Љубљана, Загреб, Белград, Софија, Солун. Моментално "Филип Втори" може да се каже дека е еден од најголемите центри за кардиоваскуларна хирургија на Балканот. Од друга страна, не само според бројката на операции, тука се работи со еден извонредно висок квалитет и особено ниска смртност. Значи, ние на годишно ниво имаме под 1% смртност што, за ваква патологија, малку која воопшто болница во Европа може да се пофали.

**Специјалната болница за кардиохирургија "Филип Втори" како врвен медицински центар во Македонија, неодамна ја одбележа својата 11-та годишнина на успешна работа. Задоволството е големо, вложениот труд исто, но што Вас лично Ве прави среќен и горд?**

- Се одбележаа 11 години од првата операција на отворено срце во Македонија, бројка која не е за потценување. Но, сепак мора да кажам дека почетоците не беа воопшто лесни. Болницата "Филип Втори" се соочуваше со тешки денови на работење. Како и секој почеток и нашиот беше тежок, но ги надминавме кризните денови. Успеавме да истраеме во намерата да создадеме болница според европски стандард. Изградивме доверба кај нашите пациенти со што успеавме да направивме стабилна здравствена установа. Секојдневно добиваме благодарници и писма на задоволни пациенти. Тоа е мојот најголем мотив да продолжам и понатаму со истиот интензитет.

Денес по 11 години можам да кажам дека сум горд на она што го направив, а зад себе со задоволство ќе ѝ го оставам на Македонија.

Врвна клиника, прекрасна екипа и илјадници извршени операции. Макотрпен труд и работа, испреплетени со моменти на возвишеност и горчина. Искрено, се гордеам со тоа што го направив тука во Македонија.

**Со оглед на брзиот развој и напредокот во работата, какви се Вашите идни планови за развивање на кардиохирургијата "Филип Втори"?**

- Започнуваме нов проект. Со изградбата на новата зграда на болницата "Филип Втори" започнува нова епоха во македонското здравство. Овој проект, кој ќе се реализира како заеднички со европски партнери, предвидува 9 операциони сали, 200 болнички кревети, модерен дијагностички дел, на површина од 20.000 м2. Ова ќе биде најмодерна болница на овие простори, со врвна технологија и високостручен медицински кадар.

"Филип Втори" и понатаму останува водечки медицински центар во целиот регион, со 11 години искуство во работењето.



**Добитник сте на многу престижни награди и признанија, а во исто време сте и донатор, помагате на оние на кои помошта им е најпотребна, особено на најмладите. Какво е за Вас чувството да се помага?**

- Кога работата ја работиме искрено од срце и со голема љубов и посветеност, тогаш неминовен е успехот. Како резултат на тоа работење добитник сум на многу награди и признанија кои ја одбележуваат мојата долгогодишна работа. Мислам дека ваквото работење нè води кон една заедничка крајна цел, а тоа е унапредување на здравјето на населението, имајќи ги предвид, пред сè, потребите на ранливите категории на граѓани. Ги помагаме оние на кои им е најпотребна помош.

Голем број на бесплатни прегледи за граѓаните на Р. Македонија беа направени изминативе две години.

Ние тоа го правиме на наш начин, оваа година донираавме средства за реновирање на Заводот за рехабилитација на хендикепираните лица во Банско, Струмица. Исто така, ПЗУ "Филип Втори" на членовите на Здружението на телесно-инвалидизираните лица од Скопје им овозможивме попуст од 50% за дел од здравствените услуги. Лицата со хендикеп, според процената на Светската здравствена организација, претставуваат 10% од жителите на секоја земја. Овој процент не е воопшто мал и безначаен и затоа би било добро ваквите лица да имаат уште подобри можности за вклучување во сите сфери на живеење во секојдневниот живот. Идејата е да се помогне, да се подаде рака и да се биде хуман.

**Докторе Митрев, Вие сте, лаички кажано, доктор за срце. На илјадници пациенти сте им дарувале живот, надеж за едно ново, поубаво утре. Но, пред сè, Вие сте Човек. Кој го чува, кој го лекува Вашето срце?**

- Фала му на Бога, моето здравје сè уште е сосема добро. Немам позначајни здравствени проблеми и моето срце нема потреба да биде лекувано, но секако доколку имам потреба тука се моите кардиолози, најблиските колеги и соработници. Што се однесува до прашањето кој го чува моето срце, се разбира го чуваат сопругата, децата, семејството.

Што останува друго него да му посакаме на д-р Жан Митрев голем успех во работата и добро здравје уште многу, многу години.

Елизабета Петровска

# Мате Мамиќ
# “Скалице” - прво мултинационално училиште во Сплит

***Отсекогаш сум имал симпатии кон Македонците, а сега имам уште подлабока врска со нив. Мислам дека и останатите училишта би требале да го прифатат ваквиот модел на образование на малцинствата, вели Мате Мамиќ, директор на ОУ “Скалице”***



*Мате Мамиќ, директор на „Скалице“*

ОУ “Скалице” од Сплит е првото мултинационално училиште во Сплит, каде во рамките на наставата, како изборен предмет, се изучува и македонскиот јазик и култура. Веќе втора година, учениците кои го посетуваат ова училиште, излегуваат од клупите побогати со сознанија за Република Македонија, нејзините природни убавини, клима, релјеф... Тие покрај географија и изучување на поважните датуми од македонската историја, слушаат и македонска музика, а дел од наученото имаа можност да го презентираат на настапите во Загреб и Сплит по повод свечености врзани за МКД “Македонија” од Сплит.

- Особено сум задоволен што веднаш ја прифатив идеата во “Скалице” да се одржува настава по македонски јазик и култура. Тоа веќе дава резултати, меѓу другото и преку организираните јавни настапи на учениците. Особено сум среќен што се впуштив во тој проект, вели Мате Мамиќ, директор на ОУ “Скалице”.

Додава дека со овој вид настава, училиштето го понесе епитетот на мултинационално и прво училиште во Сплит каде македонското национално малцинство учи и го негува на својот мајчин јазик.

- Отсекогаш сум имал симпатии кон Македонците, а сега имам уште подлабока врска со нив. Мислам дека и останатите училишта би требале да го прифатат ваквиот модел на образование на малцинствата. Соработката со водителката на училиштето во Сплит ни е на високо ниво и досега не сме имале никакви проблеми. Ја користам секоја прилика кога одиме на семинари да ги запознаам колегите со функционирањето на наставата по македонски јазик во Скалице и тие се воодушевени”, вели Мамиќ.

- Но, она што е најважно од се е јазикот, кој ни битен елемент од национално обележје да го пренесуваме од генерација на генерација млади Македонци кои живеат во Хрватска. А за оние кои не се Македонци, а сепак, се одлучиле да го изучуваат македонскиот јазик тоа преставува голема придобивка, бидејќи изучување на друг јазик е вистинско богатсво на личноста. Наставата по македонски јазик и култура, по моделот Ц се реализира со подршка на Министерството за образование на РХ, а учениците за постигнатиот успех добиваат оценка која влегува во вкупниот успех, ни речена крајот од нашиот разговор Мате Мамиќ.

Милена Георгиевска

# СТИЛИСТИКА (шести дел)

## РАЗГОВОРЕН СТИЛ

Сфера на употреба на **разговорниот стил** е секојдневниот живот, неговата функција е комуникативна, а ситуациите во кои се употребува - неофицијални. Од ова произлегува дека разговорниот стил може да се пројави во говорена (општење дома, на улица, во продавница итн.) и во пишувана форма (лични писма), но преовладува првата. Во рамките на овој стил не се одделуваат потстилови, а како родови можеме да наведеме: раскажување, дијалог, полилог (разговор со повеќе учесници) и стереотипи (кратки форми на општење, на пример: *Здраво! - Како си? -Што има ново?*).

Два фактора се решавачки за разговорниот стил: говорната ситуација и соговорниците. Можеме, главно, да изделиме три типа ситуации на општење: дијалози со непознати, општење со познати, блиски говорители во ситуации што ги наметнува секојдневниот живот и општење на познати или непознати соговорници во рамките на професионалната и социо-културната сфера од животот. Во врска со горново, се менуваат и темите и средствата на јазикот, а особено лексиката. Во врска со учесниците во општењето, на нивниот јазичен израз имаат влијание: полот, возраста, професијата, меѓусебните односи, целта што си ја поставиле при општењето и сл.

Зависноста од говорната ситуација и од соговорниците, како и фактот дека во најголем број случаи станува збор за говорена форма на јазикот, повлекуваат по себе неколку особености на разговорниот стил:

- Со оглед на тоа дека соговорниците се присутни во говорната ситуација, разговорниот стил се карактеризира со економичност, со елиптичност, со испуштање на делови од исказот што се подразбираат од ситуацијата, или, пак, место кои можеме да употребиме некој гест или израз на лицето.

- Разговорниот стил се одликува со непосредност и неподготвеност, а во врска со нив стои спонтаноста. Како резултат на ова, во разговорниот стил, на пример, многу почесто отколку во официјалното општење ќе се сретнат именки од типот: *судијка, деканка, ректорка, амбасадорка, министерка* и сл. за женски лица.

- Важна карактеристика на разговорниот стил е ориентацијата кон соговорникот: тој е присутен, од него зависи дали ќе сака да ја прими пораката и, ако ја прими, како ќе реагира на неа. Разговорниот стил изобилува со форми за обраќање (именски и заменски), како и со заповедни форми од глаголите.

- Во разговорниот стил е особено забележливо присуството на големиот број извици, и тоа такви со кои изразуваме емоции, но и такви со кои се служиме за повикување: *Оф!, Леле!, Еј!* и сл. Воопшто, разговорниот стил се одликува со емотивност и експресивност, со широка застапеност на хумор.

- Во поглед на лексиката, во разговорниот стил среќаваме активна употреба на такви зборови што се ограничени во употребата, односно окарактеризирани како стилски обележени, како некои турцизми за кои има соодветни зборови во стандардниот јазик: *мерак, ќеф* и сл. Истовремено, разговорниот стил е отворен за нови зборови што навлегуваат заедно со поимите, односно со предметите, на пример: *хамбургер, чизбургер, видеотека, цедетека, игротека* и сл. Во разговорниот стил се јавуваат и некои зборообразувачки суфикси што не се карактеристични за стандардниот јазик, како *-ара (слаткара, гумара, рибара, лебара, сендвичара).*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)

## Владимир Апостолски
# ДВАЕСЕТТЕ ГОДИНИ МИНАТИ ВО МАКЕДОНИЈА ВЕЧНО ЌЕ МИ ВРЕДАТ

***Владимир Апостолски, првиот претседател на МКД „Македонија“ од Сплит, сега претседател на жупаниските претставници на Македонците во РХ, говори за своето доаѓање во Хрватска, за ширењето и заштитата на македонштината, за семејството...***



Името на Владимир Апостолски директно е врзано за основањето на Македонското културно друштво во Сплит, како и за промовирањето на сè она што е македонско не само во овој далматински град, туку и во цела Хрватска. Младиот спортист пред половина век од Тетово дошол во Хрватска, каде основал и свое семејство, но и успешен работен век. Сега како пензионер, но сè уште активен на полето на ширењето и заштитата на македонштината, наоѓа ангажман како претседател на жупаниските претставници на Македонците во РХ. По завршувањето на Градежниот факултет во Белград, во 1963 година, како воен специјалист бил одреден за работа во воено градежната дирекција во Сплит. Истата година се запознал со професорката по англиски и германски јазик, Љерка Ривароли, со која набргу се оженил. Имаат ќерка Билјана и син Зоран, а особено е горд на своите три внуци Дује, Јуре и Ива.

- За одличното интегрирање во сплитската средина многу ми помогна мојата работа во Собранието на Град Сплит, во Одделението за урбанизам, градежништво и комунални дејности, каде бев начал-

ник. Оваа значајна функција условуваше и преземање и членување во неколку значајни фондови како претставник на град Сплит, како најголема и значајна општина во Далмација, вели Владимир Апостолски.

Апостолски е заслужен за реализација на многубројни проекти од неговата струка за што добил и високи признанија. Ракетната одбранбена база “Превлака” е само еден од нив, за што добил високо одликување “Орден со златни сабји” од претседателот на СФРЈ, Јосип Броз Тито. Периодот на распаѓањето на заедничката држава, Апостолски го посочува “болно”, бидејќи одеднаш Македонците во Хрватска станаа “национално малцинство”. Една нова ситуација, а таа историска и неочекувана трансформација, како што вели, Македонците ја прифатиле многу одговорно и совесно и веднаш започнале со подготовки за формирање на македонско друштво, каде собрани Македонци и Македонки одговорно ќе ги решаваат своите проблеми. Тој бил и првиот претседател на Македонското културно друштво “Македонија” од Сплит, а сега почесен претседател. “Формирањето на МКД “Македонија” внесе нов содржински живот меѓу Македонците, од запознавање, до негување на културното и националното наследство”, истакнува г. Апостолски.

Но, и по повеќе од педесет години од напуштањето на родната Македонија, тој чувствува силни вибрации за татковината. “Таму ми се сите роднини, а моите само 20 години поминати во Македонија вечно ми вредат. Успеав да го задржам македонскиот јазик и половината од мојата библиотека е со книги на македонски. А пак, во Сплит сум како дома. Преку МКД “Македонија” во изминативе 20 години, колку што годинава слави друштвото, успеавме значително да ја промовираме Македонија на овие простори”, додава Апостолски.

Милена Георгиевска




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

## ТАТКОВИНА

*Не, тоа чувство*
*не може да се каже*
*или да се опише.*
*Тоа чувство*
*едноставно е внатре*
*во градите,*
*во срцето,*
*во душата.*
*Чувство на љубов*
*кон ТАТКОВИНАТА*
*и нашата родна грудка.*
*Чувство толку силно,*
*толку возбудливо,*
*дури болка*
*во градите да сетиш,*
*дури солза*
*да ти потече,*
*а истовремено*
*те тера да пееш,*
*да се радуваш!*
*Вардаре мој,*
*Шар Планино висока,*
*полиња плодни,*
*убавини мои родни!*
*Македонијо мила,*
*Татковино моја!*

Анка Рабузин

## МОЈОТ ДОМ

*Таму каде што*
*Сонцето вечно грее*
*И во полето*
*Златно жито зрее,*
*Таму е мојот дом.*

*Таму каде*
*Мајка ми и татко ми*
*И сестрите мои мили*
*И внуците весели*
*И роднините блиски*
*Радост во срцето носат,*
*Таму е мојот дом.*

Анка Рабузин

## НА ЈУГ Е СРЦЕТО МОЕ

*Само да имам очи*
*да ја видам светлината*
*на зората што зори,*
*таму на југ,*
*каде сонце за мене гори.*

*Само да имам раце*
*да ја допрам насмевката*
*што уморот го тера,*
*таму на југ,*
*каде живот ми враќа вера.*

*Само да имам срце*
*да ја сакам песната*
*што орно се шири,*
*таму на југ,*
*каде глас желба ми смири.*

*Само сум човек*
*со копнеж в гради што тлее,*
*да се вратам*
*дома на југ,*
*каде спокој душа ми грее.*

Елизабета Петровска

## ČAROLIJA KAPI

*Potekoše noćas neki izvori sjajni,*
*čarolija kapi u beskonačnom nizu,*
*umotani velom svih najvećih tajni*
*odlaze daleko, a ostaju blizu.*

*Čini se, nose sve snove svijeta*
*ispirući prošlost bezimenih duša,*
*u bistrini slapa nazire se sjeta,*
*nije više tužan onaj tko ih kuša.*

*Nevidljiva ih sila kroz bujicu goni,*
*mjesečeva svjetlost srebrom grli,*
*da sjećanje na samom dnu zaroni*
*dok i zadnja kap u zaborav hrli.*

*Satkane od suza svaku branu ruše,*
*u spiralnom plesu olakšanje blista,*
*na površini vjetar samilosti puše*
*da moja kap plovi slobodna i čista.*

Елизабета Петровска

# СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА„ФИЛИП ВТОРИ“ ЗДРАВСТВЕН БРЕНД НА МАКЕДОНИЈА

Кардиоваскуларните заболувања во светот се број еден причинител за смртноста, дури 40 проценти од сите смртни случаи отпаѓаат на овој тип на заболувања. Околу 600 смртни случаи на сто илјади жители се регистрирани во Македонија, а годишно од срце заболуваат околу 1500 граѓани. Ние во „Филип Втори“ сметаме дека превенцијата односно навременото откривање на болеста како и едукацијата на пациентите се важни компоненти за намалување на бројот на кардиоваскуларни заболувања.

Здравје, значи грижа за себе, посветување време на превенција. Живејте здраво и долго!

Со почит,

Тимот на „Филип Втори“



Телефон за контакт :
+389 2 3091 484; + 389 2 3191 500
www.cardiosurgery.com.mk

Специјалната Болница „Филип Втори“ поседува ИСО 9001:2000 сертификат.




idea+

Special Selection

TIKVEŠ

VINARIJA

Uživajte u vinu umjereno
www.tikves.com.mk